**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од третото продолжение на Осумдесет и шестата седица на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 1 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,50 часот.

Седницата ја отвори и на неја претседаваше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата. (По пребројувањето од страна на службите).

Штотуку утврдивме дека во салата е присутен 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Процедурално, има збор г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денес работата во Уставната комисија се заврши на некој начин и сега целосно е префрлена работата во однос на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија, во Собранието на Република Македонија, односно во собраниска дебата.

Од друга страна, сведоци сме дека имаме перманентно нарушување на мирот и спокојството на граѓаните на Република Македонија во западниот дел на Републиката односно во кризните региони и во Кумановскиот регион. Тоа нарушување на мирот и спокојството се манифестира преку, би рекол, голем број нарушувања на мирот со пукања во воздух во одредени цели, блокада на патот Тетово-Гостивар и со разни други активности на албанските терористички банди.

Од тие причини, зборувам во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, сметаме дека нема атмосфера за една релаксирана дебата и релаксирана работа овде во Собранието, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, во знак на сериозно предупредување на сите релевантни фактори од кои зависи мирот и спокојството на граѓаните на Република Македонија, времено или краткорочно ќе ја замрзне својата улога во работењето на Собранието на Република Македонија, а во знак дека сме сериозни во таа наша намера, ние на евентуалното закажување на работењето на Собранието за утре односно петок, ние нема да земеме учество во утрешното работење на Собранието односно нема да дојдеме на седница. На овој начин, сакаме да им упатиме сериозна забелешка на сите релевантни фактори, а пред се тука мислам на Меѓународната заедница и меѓународните фактори кои си замаа улога да придонесат во воспоставување на еден траен мир и соживот во Република Македонија, а очигледно таа своја улога што си ја дадоа сами на себе и што ние им ја доверивме на некој начин не ја извршуваат со успех.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално, има збор г. Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас се согласувам со г. Краљевски дека не се создадени елементарни услови за одржување на оваа седница. Како прво, мислам дека прашањето на амнестијата е едно од прашањата што ја оптоварува оваа седница и мирот во Република Македонија. Понатаму, самиот тек на одвивање на имплементацијата на договорот во однос на договорento во Охрид, сведоци сме дека претрпува извесни измени кои исто така не наидуваат на поголема поддршка кај албанскиот народ во Република Македонија, така што сметам дека претходно треба да проработат сита релевантни фактори, да создадат соодветни услови за имплементација на договореното и се разбира за владаеење на мирот.

Исто така, сведоци сме дека во времето кога беше на повидок дека ќе се усвојат измените кои беа договорени во Охрид, мирот беше многу повеќе почитуван отколку што е сега, што зборува дека нарушувања има од сите страни и треба сериозен пристап и во однос на амнестијата и во однос на другите прашања кои се договорени за да можеме да пристапиме кон соодветни измени на Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Незнам што е тука интервенцијата бидејќи нема предлог, кој предлог е.

Има збор г. Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, ако цело време во овој Парламент, па и надвор од Парламентот инсистираме да најдеме пречки, односно причини да се спречи работата на Собранието, може да се најдат илјада и една причина и агрументи.

Го замолувам координаторот на пратеничката група да биде до крај транспарентен, објективен и во таа насока дециден. Дали сакате ова Собрание да работи, дали сакате овие амандмани односно Рамковниот договор да заврши во ова Собрание, искрено и чесно, на страна дневната политика, манипулација со нервите на граѓаните на Република Македонија, како човек, како пратеник, како граѓанин на оваа држава сакам да слушнам од вас, а потоа ќе бидеме и ние децидни до крај и пред вас и пред јавноста и пред сите граѓани на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам за ова да не расправаме. Нека се пресмета секој. Ние да работиме денес. Јас ќе закажам седница и за утре, мора да работиме, но ако не дојдат многу, нема да работиме. Ние не можеме сега да дискутираме дали ќе се убедиме едни со други, затоа што некој си заземал став.

Повторно за збор се јави г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, нашата желба да работиме и оваа процедура на уставни промени да ја доведеме до крај ја покажавме на начин што учествувавме перманентно и во собраниските дебати и во работата на Уставната комисија. Она што ние го баравме, а го издејствувавме пред се како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, беше да се вметнат во Нацрт уставните амадмани, промените во амандманот IV и во амандманот VII каде што на почетокот изоставувањето на одредницата Македонски народ, и нејасното истакнување на позицијата на Македонската Православна Црква, чинам дека е благодарение на пратениците што седат фронтално пред мене од десната страна, условно речено. За сето време, некои други пратеници играа една пасивна улога и не беа подготвени да изменат ниту точка ниту запирка. Но тоа е тоа, стана што стана. Сега ние јасно и гласно го истакнуваме нашиот став дека сме за финиширање на уставните промени, со цел да се воспостави еден траен мир и соживот во Република Македонија, но од друга страна не можеме да замижиме пред фактичката состојба на теренот каде перманентно постојат кршења на мирот. Дури, вчера имаме прострелна рана на еден граѓанин од с. Жилче. Во знак на револт, во знак на апел до сите релевантни фактори, овој наш денешен став го изнесуваме пред вас и пред јановста во Република Македонија. Тоа е следниот, дека краткорочно ја замрзнуваме нашата работа во Собранието односно на закажаната седница што вие ја најавивте за утре ние нема да учествуваме во работењето на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално има збор г. Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе се потрудам јавно македонски да проговорам за одредени обвинувања, може да се крсти и како реплика, претпоставувам дека некого ќе прозвам.

Околу имплементацијата на договорот апсолутно се согласувам со она што го изнесе г. Чедомир Краљевски како координатор и со уште илајда исто аргументи дека овој договор во некои глави никако не може да заживее. Нека просудат самите на кого се однесува ова, затоа што од самото потпишување до вчера имаме околу 600 прекршувања на мирот. Да не говорам за она што се шушка и на големо се зборува околу масовната гробница, која веќе никој не знае каде се наоѓа. Во контекс на она и во духот на она што г. Никола Поповски исто така го спомна во едно од своите излагања или во одговор на прашање на некој новинар дека доколку се продолжи со нарушувања на мирот и СДСМ овој договор ќе го стави ад акта, што сосема го поддржувам и сметам дека така треба да се однесуваме како македонски политички партии.

Нашиот сериозен пристап како пратеничка група е повеќе од евидентен со самото присуство овде и со она што нашиот претседател на партија го потпиша во Охрид. Но постои црвена линија преку која не можеме да одиме и ние пред се како Македонци, второ, како политички субјект, имајќи го предвид расположението на нашето гласачко тело и според тоа така ќе се однесуваме. Сметам дека во некои ставови треба да бидеме многу порадикални од она што досега го манифестираме, имајќи го предвид префиксот ВМРО. Според тоа, многу од нашите пратеници влегоа поради таа голема идеја на ВМРО, а не заради оставката која се состои во нашето име.

Аргументи за загриженост постојат и лично сакам да ги истакнам. Најмногу ме загрижува ставот на ПДП кој досега не е изменет дека ќе учествуваат во работата на Собранието а во гласањето нема да се изјаснат позитивно. Што значи тоа? Една таква слика имавме 1991 година. За жал таа ни се повтори денес во 2001 година...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме расправа за тоа, кажете ја деловничката интервенција.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сега ќе ви кажам, откако ќе завршам која е мојата деловничка интервенција. Мислам дека треба да бидете фер да ме сослушате. Се плашам дека во некоја дадена ситуација, после две до три години, да не се случи повторно истото и некој зад плаштот на човекови права не повика одредена групација на луѓе да излезат по планините, да припукаат и да ни се случи повторно во овој Македонски парламент мекој да бара човекови права.

Сакам следното да го кажам. Мора да се бара консензус - ова е повик до меѓународните фактори кои ја шпартаат Македонија како "јан кесеџии", пред се водејќи сметка за своите лични интереси, затоа што дебело ги наплаќаат и наводно ни го носат мирот во државата, кој никако да го донесат. Некои наседнаа, за жал, и одредени македонски политички структури, а тука го ставам и претседателот на државата; кој можеби е приморан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сакам следното да го кажам дека мора да се бара усогласеност на албанските политички партии затоа што ако било која политичка партија претставник на албанските гласачи не гласа за овој Рамковен договор, сметам дека ќе ни се повтори грешката од 1991 година и само ќе влетаме во замката која некој дебело ни ја мести.

Процедуралното мислам дека можете да го извлечете од контекст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Флоровски спомна, а патем ќе кажам и во однос на вашиот предлог и настапот на г. Краљевски и на г. Флоровски се всушност еден ефтин политички маркетинг кој тука во Собранието се сака да се продава многу скапо, но за жал тоа нема да успее.

Најпрво во однос на тоа што се однесува на имплементацијата на Рамковниот договор и атмосферата во која треба да работиме. Мислам дека работите треба да се поставаат обратно. Вие г. Краљевски зарем навистина мислите дека одлагањето на спроведувањето и имплементацијата на договорот ќе создадат соодветни услови и релаксирана атмосфера или е обратно, спроведувањето и што побрза имплементација на договорот треба да создадат такви услови кои што ги барате вие. Дали незнаете вие г. Краљевски дека УЧК својата обврска спрема НАТО и Меѓународната заедница ја исполни пред месец ипол дена со разоружувањето, а ние еден ипол месец потоа се уште талкаме со имплементацијата на договорот, па измислуваме разни варијанти за преамбулата, за членот 19 итн.

Второ, вие знаете дека имплементацијата на Рамковниот договор е услов за враќање на безбедносните сили ви кризите краишта. Вие знаете дека спроведувањето и имплементацијата на тој договор е услов за враќање на раселените лица. Вие знаете дека имплементацијата на тој договор е услов за одржување на донаторска конференција и денес ние ќе ги имавме милионите долари на сметката на Република Македонија. Сето тоа се одлага заради неспроведување на тој Рамковен договор и вие можете да измислите илјада и една друга причина за да се повикувате на создавање услови, ама кои не се дел на договорот. Вие заборавате дека за таа работа постоеше договор потпишан со четирите лидери на политичките партии.

Трето, повикувањето на некаков консензус господата кои упатуваат критики на адреса на ПДП заборавaат дека токму тие беа кочничари во претходниот месец ипол или два, и тие измислија промена на Рамковниот договор, откако тој истиот беше потпишан од нивниот претседател. Сега бараат некој да се согласи со нивните барања, а заборавaат дека тие први го прекршија Рамковниот договор.

Четврто, вие заборавате дека имплицирате ситуација дека договор ќе има само тогаш кога ВМРО-ДПМНЕ ќе сака. Значи, вие мислите дека договор може да има само доколку вам ви се допаѓа, ама заборавате дека вам ви се допадна договорот во Охрид. (Реакција од пратеник со зборовите "не"). Да, вие го потпишавте, вашиот претседател ако го сметате се уште за претседател. Е сега тоа не било така, има нешто друго. Сега сите други треба да се согласат со тоа што вие го сакате. Тоа не може, луѓе. Затоа постои договор, затоа се ставаат потписи, затоа тој договор беше гарантиран од страна на Меѓународната заедница. Сега сакате ние да се согласиме со некои ситуации кои вие ги измислувате, се разбира во ваш интерес, но ние тоа нема да го прифатиме. Тоа не е никаков дел на договорот и тоа не стои во ниедна процедура за имплементација на Рамковниот договор. Земете го Уставот, земете го

Деловникот, ако има таков услов, се разбира дека ние тоа ќе го прифатиме. Ама вие измислувате ситуации. Тоа е проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Краљевски беше спомнат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само на ред. Неможе да расправаме за ова. Не е на дневен ред ова. Не може да расправаме за тоа. Тоа само соопштивте.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, никому поединечно нема да му се обратам. Ниту како поединец, ниту како пратеничка група. Само ќе одговорам на некои од прозивките што беа упатени до мене односно до пратеничката група чиј координатор сум.

Добро знаеме дека воспостувањето на стабилна состојба во Македонија од аспект на безбедноста е како предуслов за таквото воспоставување на стабилизација во Македонија е решавањето на политичката состојба во Македонија, што ќе биде резултат на изгласувањето на предлог уставните амандмани, нивното прогласување.

Ние добро знаеме дека, како предуслов, овие два предуслови, политичката стабилизација и безбедносната стабилизација се предуслов за социјалната стабилизација и економски просперитет на Македонија, што би значела некаква донаторска конференција од страна на Мегународната заедница во корист на РМ. Сето тоа ние добро го зна-еме.

Од друга страна, сосема добро знаеме дека условот што беше поставен политичката стабилизација односно изгласувањето на уставните амандмани е во зависност од воспоставувањето на траен мир и стабилизација на теренот, враќање на изгонетите граѓани од своите вековни огништа во нивните домови и пронаоѓањето на киднапираните граѓани на РМ и прекинување на сите терористички активности од страна на албанските терористи, било да се они под капата на УЧК што сега викаме дека е завршена работа или под нечија друга капа или протекторат.

Токму заради тоа ние изразуваме наша забелешка на сите релевантни фактори кои требаа да учествуваат и да придонесат за воспоставување траен мир. Дека со еднодневен прекин на нашето учество во работењето на Собранието сакаме да го свртиме вниманието и меѓународната јавност и на меѓународните фактори кои се во Македонија, пред се, за да помогнат во инплементацијата на мирот и спогодбата од Охрид.

Што се однесува до претседателот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски, тој и натаму и секогаш бил и ќе остане претседател на ВМРО-ДПМНЕ без ниту трунка да му е нарушен неговиот авторитет или дигнитет од страна на нашата пратеничка група, бидејќи знаеме дека тој, како еден од потписниците на Рамковниот договор во Охрид, го потпиша во услови на закана на терористички активности, на 30 жртви од страна на безбедносните сили на РМ. И кога се закануваше опасност ковчезите со мртвите тела на припадниците на безбедносните сили на Македонија да се донесат и пред нашите домови и пред вашите домови, во такви услови г-динот Георгиевски го стави својот потпис на Рамковниот договор. Тоа не значи дека не ги увидел и не ги доживува сите мани на тој Рамковен договор.

Еве, ние во една парламентарна дебата, најдовме сили и вие најдовте сили, би рекол, условно речено да ги согледате, да ја согледате црвената линија преку која не натеравте во еден момент да поминеме, се во интерес на мирот. Но, за среќа и наша и ваша, би рекол, проработи разумот, проработи рационалноста и таа црвена линија не ни дозволивте, и со ваша помош, би рекол, да ја преминеме, а пред се со помош на нашите апели, преку настапите на нашите пратеници во овој дом.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Слободан Даневски, според најавувањето е на ред, со дигањето рака.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г. претседателе, дами и г-да пратеници, може да најдеме милион мани за да работиме денеска или да не работиме. Мојата процедурална забелешка се состои во следното, ќе дадам еден предлог, затоа што ова што ни се случува во Парламентот, што треба да биде последниот филтер и она што ни се случува на теренот е многу различно. Сите сме сведоци и сите знаеме што е вистината, несака никој да прозбори.

Во интерес на сите, ги поддржувам сите тие кои вчера штрајкуваа за да се спаси Уставот ако може, јас сум еден од тие кој нема да гласа за промена на Уставот. Но, битката е веќе изгубена во парламентот. Иако останаа малку пратеници во Парламентот, најдобро е, Г. претседателе да денеска го самораспуштиме Парламентот, најпаметно е да се самораспушти Парламентот, да се провери она како референдум, граѓаните да ја дадат власта на оние кои треба да го сменат Уставот, да се изгласа самораспуштање и, мислам дека ќе направиме една правда спрема граѓаните, затоа што во оваа држава граѓаните никој за ништо не ги прашува. Едноставно, само си играат мајтап сите. Најповеќе политичарите. Кредибилитетот е изгубен и е најдобро во овој момент да се самораспушти Парламентот. Благодарам.

(Реакции во салата со разни дофрлања од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, не е на дневен ред. Таква одлука не е на дневен ред.

Има збор Г. Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас мислам дека и вчера, пред да започнеме со работа по 86-та седница реков дека не се создадени неопходните услови да про должиме со работа на оваа седница.

Вие, почитуван претседателе вчера се согласивте во еден дел дека сеуште има воени дејствија, терористички акти. И, гледајќи го сега расположението на колегите пратеници мое чувство е, а не и само мое, верувам дека го делам чувството на повеќето од колегите пратеници дека не се створени услови за нормална работа на Собранието по оваа 86-та седница.

Затоа барам од вас денеска да ја прекинете работата на седницата на Собранието. Мислам дека барањето на колегата Чедо Кралевски за утрешната седница да не се свикува, да се создадат какви такви услови на теренот. Меѓународната заедница посериозно да ги разгледа сите оние елементи кои доведуваат до ваква состојба на теренот, како што кажа Г. Зибери јас ќе го потенцирам, кажа дека УЧК е разоружана. Јас би го прашал тогаш кој пука на територијата на РМ... (Дофрлање од страна на пратеникот Насер Зибери).

- МВР? Благодарам за информацијата тогаш. Тогаш порачувам на МВР да престане да пука на територијата на РМ, да престане да блокира патишта од Гостивар до Тетово, да овозможи МВР сите раселени лица да влезат во своите огништа, да се овозможи на Координативното тело за справување со кризи, да ги реализира зацртаните пилот програми, да можат сите граѓани .во РМ да се чувствуваат сигурно на територијата на РМ.

Почитуван претседателе, процедурално барам од вас да ја прекинете расправата на денешнава седница затоа што нема услови за работа дури и денеска. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Сакам да реплицирам на Г. Насер Зибери кого особено го ценам, особено кога во дискусијата за иницијативата кажа дека, да сме ги слушале нив, не би дошле до оваа ситуација. Јас мислам дека тука е во право, затоа што пред 10 години барањата им беа поинакви отколку што се сега.

(Реакции во салата, а предсетателот предупредува на ред со ѕвончето).

Г. Зибери, се извинувам, ќе повторам, го ценам Г. Зибери, особено кога ја кажа таа констатација дека, ако сме ги слушале нив на времето, тогаш до оваа ситуација сме немале да сме дошле. Потполно е во право. Затоа што нивните барања пред 10 години беа поинакви, а сега се поинакви. Инаку, обврската за предавање на оружјето, може ја исполниле пред НАТО и пред претседателот на државата, меѓутоа пред македонската јавност таа обврска не е исполнета, затоа што на сите ни е јасно колку оружје е предадено, а колку имаше.

Околу распуштањето, кога дискутирав за иницијативата за уставните промени, уште тогаш предложив дека ова ќе се одолговлечува и дека тешко ќе го донесеме и дека треба сите да си дадеме оставка за да можат да дојдат тие кои ќе ги избере народот. Меѓутоа, тогаш дел од колегите се сомневаа во таа работа, но сега гледам дека наближуваме до таа констатација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г. претседателе, не сум сигурен е здраво да се слушаат такви предлози и мис -лења кои немаат врска ништо со дневниот ред. Имено, ако некој сака здраво и паметно да се расправа по точката, дајте да воведеме точка мислеше на ВМРО-ДПМНЕ дали ќе учествува утре или не, тоа да биде прва точка.

Втора точка самораспуштање на Собранието.

Вака, цело време, секој расправа за нешто што во моментот му паѓа на ум а се впушта во содржинска и општа расправа, на точка што допрва треба да расправаме. Затоа јас мислам ако некој интервенира деловнички, треба да каже што е прекршено во Деловникот, а не да кажува дали ќе има седница или не, дали ќе дојдат или нема да дојдат. Ние одговорно треба да работиме. Ако некој сака да дојде, ќе дојде. Ако мисли дека не треба да дојде, нема да дојде. Зошто ние расправаме? Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Сакам да му реплицирам на Г. Анушев...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме ние да има реплика.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Да, да, да. Па добро, сега кажа нешто. Претпоставувам дека Г. Анушев пред 10 години, кога се повикуваше на барањата на албанците не се занимавал со политика и затоа, најверојатно, не знае дека барањата и тогаш и сега се идентични. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да се разбереме. Да минеме на точката што ни е денеска на дневен ред. Известувањата за утре се однесуваат за утре. Не за сега.

Има збор Г. Харуни. (Г. Харуни бара збор за дискусија).

Не, не, не си на ред. Не расправаме за точката. Ова е дловничка интервенција.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И ова е деловничка интервенција. Г. претседателе, дами и г-да пратеници, Г. Чедомир Кралевски, на своето процедурално, заправо изнесување овде во Собранието истакна проблеми што навистина се присутни во РМ. Јас воопшто ништо не му забележувам тоа што го изрече, бидејќи и тоа е вистинската слика во РМ. Му забележувам само на едно, поради тоа што тој само едната страна ја гледа. Тој не кажува конкретни податоци кои навистина ја вознемируваат јавноста.

Впрочем, настанот во с. Љуботен...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте, нема да расправаме за тоа. Не расправаме за тоа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Чекај Г. претседателе...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Харуни не расправаме за тоа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г. претседателе знам дека не расправате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, тогаш што е?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

После два месеци сите одземени предмети на луѓето од страна на органите на МВР и од безбедносните структури на АРМ и тоа од ташна, кога граѓаните барале помош од самите структури па не им се вратени, што е најтешкото...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ве молам ...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И судските органи. - Па добро, па чекај бре богати?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е забелешката, да видиме, што е идејата?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Па чекајте. Еве што е идејата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е предлогот?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Конкретно Бајрами Невајт, Рамадани Исмаил, Бајрами Веби, Рамадани Беќир, Рамадани Осман, Амети Амет, Ќаили Атула покоен, Аметовски Адем, Амедовски Хамди и малолетникот Мевљудин Бајрами, 14 годишен, сите се земени со акцијата на полицијата на 12 август што се изведе во с. Љуботен. Истите барале помош. А, што е најстрашното, луѓето не биле контактирани со истражните органи. И најпосле, истражните органи барале папиларни...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Харуни...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извини, молимте...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па добро сега...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

... барале папиларни отисоци дека не знаеле...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема врска тоа со дневниот ред, а не е ни процедурална итервенција.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извини, молимте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема да се извинам, тоа е готово.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Немале идентитет на кој е починет и барале папиларни отисоци од човекот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме за такви работи. И другите бараа да ставам такви работи, не сме ставиле...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сакам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, исклучете го Г. Харуни, молам да го исклучите.

(Пратеникот Сејфедин Харуни ја напушта говорницата).

Молам, чувствувам и вчера и денеска напната е ситуацијата. Може да се испразниме кон конструктивни предлози со сопштување на политички ставови. Но за тоа меѓусебно да се расправа, тоа е недопусливо. Нема тука што да расправаме за таа работа. Имаме точка на дневен ред и на таа ќе одиме.

Ве молам, продолжуваме со општиот претрес.

Има збор Г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г. Претседателе, дами и г-да пратеници, за жал и денеска можеме да констатираме дека паѓаме на испитот и тоа паѓаме на испит пред Меѓународната заедница, паѓаме на испит пред граѓаните кои, заправо, сме ги довеле до просјачки стап, сиромаштија, беда и чиј мир, поради првенствено наша вина е до крај загрозен. Зборувам за граѓаните. Паѓаме на испит пред нашата совест, што е исто така многу важно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега добивте збор за точката на дневен ред.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Што можеме тука да констатираме, зошто го кажувам тоа што го кажувам, можеме да констатираме дека ние сме направиле круцијална политичка грешка, а круцијалната политичка грешка е ревидирање на Охридскиот договор што

го доведува во состојби кои се опасни по мирот и безбедноста на државата. Не е трагедија да се ревидира некој договор како и секој договор од причина што секогаш се менуваат околностите, ќе се променат односите, па и убедувањата и ништо нема лошо и трагично и да се променат или изменат и таквите договори. Меѓутоа, каде е направена грешката. Значи само по себе не е трагедија што е изменет договорот туку трагедија е поради две причини.

Прво, имаме ревизија на Охридскиот договор без согласност на едната од членките на тој договор, тоа е без ПДП.

Второ, тој договор наместо како што бара политиката да се промени или измени во интерес на двете страни, за жал, на двата амандмани кои се предложени како измени на штета само на едната страна, а на корист само на другата страна. Но, ајде да каже некој дека има резон со толку вртење, со толкава реторика од било која структура и внатрешна политичка и од политичките партии и од институциите, со исклучоци и од надворешните структури дека нема да се промени Охридскиот договор затао што тоа практично ќе се доведе во прашање комплетниот договор и по вакви или такви констатации и изјави пак некој да се согласи со некој промени дали воопшто има резон. Мислам дека одговорот се знае сам по себе.

(Со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.)

Со промените или измените кои ги правиме или кои веќе се направени, јас мислам дека се воведува еден многу лош и опасен преседан е преседанот што секогаш некоја членка или странка на некоја спогодба или договор или друг акт ќе се согласи, тоа редовно и уредно ќе го потпише и потоа да се покае или од маркетиншки причини дали да го експлоатира за свои политички поени и да каже тоа за мене не важи. Што ќе произлезе од тоа? Значи, ќе импонираме еден преседан тоа е изразување незадоволство или несогласност со сопствената волја или сопствениот потпис за други цели, па некој дури да има разбирање за тоа согласување. Тука се поставува прашањето каде е логиката? Што е најлошо некој мислат дека на такво несогласување, на такво игнорирање на сопствената волја и на сопствениот потпис треба да се излезе во пресрет.

Според оваа логика изгледа дека погрешија некои политички партии или некои субјекти кои беа принципиелни и секогаш кажуваа дека ќе опстојат во однос на Охридскиот договор без оглед што и тие ги имаат своите забелешки меѓутоа од принципиелни причини ќе го почитуваат тој договор или таа спогодба. Ние како партија, сум го кажал веќе неколку пати, имавме круцијални забелешки во однос на Охридската спогодба, тоа беше прашањето до крај недефинирано со јазикот што веќе дискутиравме пред неколку дена и за високото образование на мајчин јазик што мислам дека е столб или извор на конфликтот во државата и кое за жал токму како сегмент за решавање на кризата не е поставено како централно прашање. Да кажам неколку збора за преамбулата. Читајќи ја преамбулата......

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега, ве молам имаше едно соопштение кога ќе говориме за преамбулата тогаш ќе говорите, сега имате збор за соопштението на нашиот координатор дека под тие услови нема да се работи дали се согласувате а не содржина на преамбулата.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Вие господине потпретседателе не слушате, отворена е општа расправа по точката - Амандманот IV. Да продолжам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжете.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

За преамбулата, во однос на текстот, без да навлегувам во политичката содржина или политичката цел што се сака да се постигне со тоа само од стручен аспект јас сум убеден и не само јас туку и тие што многу подобро од мене од стручен аспект ја познаваат оваа материја стојат на ммслење дека преамбулата или предлогот на амандманот IV е катастрофа од катастрова. Не само тоа, од практичен аспект, од прагматичен аспект исто така преамбулата е неодржива. Да не кажам од политички и опортун аспект исто така е штетна за состојбите во државата. Зошто мислам дека не треба да се поддржи Предлогот на амандманот IV односно преамбулата која е новокомпонирана преамбула. Не затоа што е новокомпонирана, не затоа што реков дека непринципиелно е ревидиран овој договор кој беше потпишан уредно и без согласност на еден од клучните потписници на оваа спогодба, туку од една исто така важна причина. Од една преамбула која беше граѓанска која предвидуваше начелно граѓанска, па и етничка рамноправност во смисла на колективни граѓански права се ревидираше, се укина и се воведе градација врз етничка основа и тоа несоодветна градација, или да не кажам деградација.

Зошто тоа го кажувам? Кои се аргументите? Аргументите се следните: Преамбулата од прилика почнува вака: "Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните што живеат во нејзините граници кои се дел, внимавајте, од албанскиот народ, со тоа практично реченицата завршува, турскиот народ, ромскиот народ, влашкиот народ и тн.

Според сите начела на меѓународното право се знае дека дел од еден народ што живее во друга држава е национално малцинство и никој оваа теорија или оваа дефиниција не ја оспорува. Тоа е јасно. Меѓутоа, што е уште полошо дури и како национално малцинство вршиме деградација, посебно кај албанците затоа што ако внимателно се прочита

предлогот на преамбулата, тогаш реченицата или зборовите кои се дел од албанскиот народ, се однесува само на албанците, но не и за другите затоа што реченицата се поврзува со првиот дел и потоа граѓаните на Република Македонија, турскиот народ, ромскиот народ и тн. Мислам дека оваа забелешка беше прифатена од страна на претставникот на предлагачот како техничка грешка иако не сум сигурен дека е техничка грешка, туку е суштинска грешка или намерно направена така. Дури со корекции да се додадат придавките да се преформулира овој амандман сепак нивото на прашањето е на ниво на националните малцинства и тоа е сосема јасно.

Второ, зошто мислам дека не треба да се прифати оваа преамбула. Од причина што се напушта еден општо цивилизиран прифатен поим тоа е демосот. Сите цивилизирани држави одат во правец да формираат демос значи некоја нација воопшто која предвидува повеќе народи во нејзините рамки. Така на пример, замислете, што ќе беше ако во Швајцарскиот устав ќе се дефинираше дека италијаните се дел од италијанскиот народ кои живеат во Швајцарија или Германците или Французите или истото да важи за Белгија. Тоа го нема и не може да го има затоа што тие резонираат одговорно.

Трето, зошто мислам дека не треба да се прифати оваа преамбула од причина повеќе од стручен аспект. Преамбулата е до крај конфузна и контрадикторна со нормативниот дел. Каде се аргументите? Аргументите се овие додека во преамбулата имате колективистички пристап значи македонскиот народ и малцинствата албанците, турците и тн., во нормативниот дел зборувате за нешто сосема друго, зборувате за заедници со одделни механизми, одделни права во однос на одлучувањето за одделни сегменти на државата. Тука, секој кој знае да чита, не мора да биде правник може и доктор да биде и тоа ќе го воочи дека е така.

Четврто, што сакам да кажам зошто не заслужува да се поддржи оваа преамбула. Од причина што премалку внимава, премалку има почит кон тоа што е иднина на државата и иднина на граѓаните на РМ. Иднината рековме во еден демос и практично вака како што се дефинира само ги геетизира националните заедници, ќе создаде нови гета, што психолошки значи ќе се затворат заедниците во себе и во другото гето ќе гледаат туѓи елементи со кои не треба да се комуницира или само ако е нужно ќе се комуницира, меѓутоа, границата е таа.

Петто, зошто мислам дека не треба да се поддржи преамбулата од причина што вака како почнува преамбулата граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ и тн. се коси во тешка коализија со членот 8 на постојниот устав кој во темелните вредности на Уставот на Република Македонија предвидува и право на слободно изразување на националната припадност. Практично со ваква формулација на преамбулата која почнува со граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ и тн, ние практично ги присилуваме граѓаните да мора да припаѓаат на некоја национална заедница, што е прекршување на основните права и слободи на граѓаните, прекршување на интимата, на чувството на човекот и граѓанинот.

Да кажам вака како што е, јас сум убеден не сум сигурен дека ова преамбула ќе има поддршка од мнозинството албанци тука, според мои информации можеби ќе гласаат само седум или осум пратеници, меѓутоа 16 нема да гласаат затоа што има своја политичка тежина. Внимавајте има своја политичка тежина. Секој кој има одговорност нема толку лесно да помине само процедурално по ова прашање.

На крај да кажам дека вака лоша преамбула не е резултат што некој сакаше во Уставната комисија да го прикаже како недостаток на познавање од страна на претставниците на предлагачот, туку е резултат од една шатл дипломатија, од една пазарџиска математика која функционира во стилот да додадеме еден да одземеме три и да дојдеме до некој резултат, важно е да се каже да, тоа е многу важно без оглед дали со тоа да нема да се постигне ништо.

Поинаку ќе ги поддржиме сите други амандмани освен амандманите за кои сме кажале јавно дека нема да ги поддржиме, а се однесуваат на преамбулата се однесуваат на верските заедници, а и амандманот VIII кој требаше да има почит кон решавање на прашањето на 15.000 студенти.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и јас, се извинувам на колегата затоа што не слушнав дека претседателот најавил да продолжиме со работа.

Има збор Сејфедин Харуни.

(Харуни од место најавува дека нема доволно пратеници во салата).

Дали Сејфедин Харуни ќе говори или не.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ќе говорам, како не, јас сум се пријавил да зборувам. Но, немаш кворум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Доби збор и зборувај ако сакаш, ако не ќе дадам збор на друг.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Нема проблем, јас сум за дискусија. Не се откажувам од дискусијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Наредниот кандидат е Аслан Селмани.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Госпдине потпретседателе, прво од вас барам дали имате кворум за работа, тоа е деловнички. Доколку службите констатираат дека има кворум, јас сум за дискусија. Собранието работи во неполн состав, немаме кворум. Го

верификувате ова што барам или не, тоа е деловнички потпретседателе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Користете го даденото овалстување да говорите, ако не одете си.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не, од службите барајте дали имате кворум за работа, ова е деловнички, не дека не сакам да зборувам. Немаме кворум за кого да зборувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говорете за Собранието. Господине Харуни прво твоите не те почитуваат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Зошто, сите сме тука.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

(Од место му зборува албански).

Не разбирате албански, ние му даваме поддршка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не вербална, треба физичка поддршка.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Изгледа дека не ве есапат ни службите не стануваат тоа да го потврдат дали во Собранието има кворум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не барам од никого, ви давам збор да зборувате, по мое видување е доволен број.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не запирлив е потпретседателот на Собранието.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Дали ќе констатираат службите дека има кворум, или нема, кажете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви говорам, јас констатирав, почнете да говорите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа пратеници дозволете ми на кратко и јас да се произнесам во расправата по Предлогот за измени и дополнување на Уставот на Република Македонија и за тоа што е содржина на амандмнаот IV кој ја регулира новата верзија на преамбулата предложена од г-динот Борис Траковски претседател на Република Македонија.

Неговото обраќање до претседателот на Собранието на РМ, писмото, цитирам гласи вака: По комплетното разгледување на материјалите од јавната расправа како и по дополнитените консултации со лидерите на политичките партии потписници на Рамковниот договор, како и по консултациите со високиот комесар на ЕУ за заедничка, надворешна и безбедносна политика д-р. Хавиер Солана.

Јас замерувам дека лидерите на политичките партии потписнички на Рамковниот договор е и д-р Имер Имери, претседател на партијата за Демократски просперитет. Колку што нам ни е познато г-динот Имер Имери како претседател на партијата за Демократски просперитет не се сложувал за ова. Од каде сознанијата на претседателот Борис Трајковски да констатира и да ги врбува не само пратениците тука во Собранието на Република Македонија, не само медиумите, туку и јавноста воопшто, дека е постигнат некој договор по она што е постигнат во Охрид, потпишан во Скопје на 13 август 2001 година. Сакам да кажам дека уште на старт ни се нуди нешто што воопшто четвртиот лидер не се пишманел, доколку имаме пишман на претседателот на државата и другите три лидери на политички партии во Собранието на Република Македонија учесници. Ако е пишман Борис Трајковски претседател на Република Македонија, ако е пишман Љубчо Георгиевски на својот потпис и на својот договор постигнат во Охрид, ако е пишман и г-динот Бранко Црвенковски, тука е, и сосема на крај од лидерите Арбен Џафери кој моментално не присуствува на седницата на Собранието. Ако овие господа се пишмани и се договориле за една друга нова верзија на преамбулата на Уставот на РМ, нека излезат, нека кажат јавно што е вистината во конкретниот случај. И доколку е тоа така, нека се изземе партијата од Демократски просперитет дека таа во ниту една прилика не го менува ставот. И јас лично ќе гласам против новата верзија на предложениот текст на амандман IV кој ја регулира преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Сите дискутанти кога имавме расправа по Рамковниот договор рекоа дека не чувствуваат никаков анимузитет кон албанците, дека не им пречи што синтагмата албански народ и да се употребува во преамбулата во најновата верзија предложена од претседателот Борис Трајковски, онака како што ја наумил да ги гледа албанците во иста категорија и со тие делови на етнички групи кои едвај сите воедно: турци, власи, роми, срби и останати и на оние кои не се изјасниле едвај сочинуваат 9% од вкупното население на Република Македонија со пописот од 1994 година. Но, на сите дискутанти македонци им пречи тоа што албанскиот народ треба да биде втор конститутивен народ со македонците. Тоа всушност господа пратеници е историскиот континуитет на нова модерна држава Република Македонија. Тој континуитет во преамбулата вие изнесувате факти од АСНОМ. Во АСНОМ албанскиот народ во таа Република Крушево учествуваше во изградба на новите темели на модерна Република Македонија.

Да ве потсетам господа дека и Втори август 1944 година албанците биле рамо до

рамо со македонскиот народ и со другите прогресивни снаги во Република Макеоднија и ги удрија повторно темелите на нова модерна држава наречена Македонија. Исто така, сакам да ве потсетам дека бинационални и тринационални држави во Европа и во светот има и со ништо не се загрозува унитарниот карактер на секоја од таквите држави. Партијата за демократски просперитет повеќе од десет години од нејзиното постоење се залага за граѓански концепт на државата. Во 1991 година за оваа партија беше спорен не само нормативниот дел, од петиот до осумнаесетиот член кои се предмет на Рамковниот договор постигнат во Охрид и потпишан во Скопје на 13 август 2001 годинадуку за нас беше спорна и преамбулата на Уставот на РМ конципирана така како што е на Уставот на РМ донесена на 17 ноември 1991 година. И тога спорна беше преамбулата, не дека во неа постои македонскиот народ господа, затоа што во тој дел не постои и албанскиот народ онака како што е природата на мултиетничката, на мултикултурната и мултиконфесионалната држава Република Македонија. Јас сум и денес волен и за во преамбулата да постои македонскиот народ и ништо не ми пречи во тој однос. Тоа јавно го кажувам пред јавноста не само во Собранието на РМ, туку и во пошироката македонска јавност. Но, со тоа паралелно да постои и албанскиот народ кој по потписот извршен од 1994 година во вкупното население изнесува 23%, онака како што ни нудат статистичките податоци од извршениот попис. Во пописот кој е извршен 1994 година албанците и покрај тоа имаат дилеми дека не е реална и таа бројка која изнесува повеќе од една третина од вкупното население на РМ, за кое што ние албанците имаме многу податоци кои таа бројка ја побиваат и дека не сме доволно убедени дека албанската популација во Република Македонија ја сочинуваме само со 23%. Ниту повеќе, ниту помалку една третина кога би имале еден реален попис и една реална констатација.

Господа македонци, не би било чесно нам албанците да не споредувате и да не ставате во ист кош со останати граѓани кои по пописот на Република Македонија се 34.960 како што се изјасниле, односно процент 1,8% роми, да не ставите во ист кош со србите кои се изјасниле 39.260 или во проценти 2,03%, да не ставате во ист кош со власите кои се изјасниле во пописот од 1994 година само 8.460 жители, или 0,4%, или да не ставате во ист кош со сите други кои вкупно се изјасниле во пописот од 1994 година едвај, или во процент околу 9%. Таа логика не можеме да ја прифатиме и во преамбулата да останеме и да бидеме редени сите дека сме дел, албанскиот народ е дел, во преамбулата, а останатите други турци, роми, власи, бошњаци се наредуваат и покрај тоа што во пописот не се изјасниле како такви.

Партијата за демократски просперитет не случајно како политичка партија изградивме став уште тогаш не само преамбулата да не ја подржуваме, туку да не го подржуваме и нормативниот дел на Уставот на РМ донесен на 17 ноември 1991 година. Тогаш сите од политичката провиниенција на македонскито блок сакаа да не убедат дека е тоа најдоброто решение за Република Макеоднија, дека тој Устав е по мерка на меѓународните стандарди. Јас се сеќавам, бидејќи сум три пати едно по друго тука во Собранието на Република Македонија, беа залудни сите тие убедувања дека е тоа најдоброто решение, дека е тоа најдоброто можно и дека навистина ни беше така сервирано дека со тоа може најдоброто решение да се постигне во однос на мултиетничка Република Македонија, како што е. Јас се сеќавам исто така и не ми е познато како доби висока оценка од тогашната арбитража на Европската комисија предводена од Роберт Бадентер. Помалку, или повеќе тоа се виде дека е чиста демагогија, бидејќи не можело да се издржи ниту една декада, да издржи таквиот Устав, дека беше по мерка на европските стандарди, а да не може да издржи една декада на меѓуетнички хармонични односи. Конфликтот во РМ изби, за жал и тоа точно по десет години Бадентер дојде во Скопје и тоа оваа година повторно Вас да Ве убеди дека Рамковниот договор постигнат во Охрид, потпишан во Скопје на 13 август 2001 година, дека е ист тој договор што воопшто не менува, дека тој е ист што тој го замислил уште и тогаш кога дал висока оценка дека ги исполнува европските стандарди и т.н., дека тој е ист што го замислил тој, само даден во друга формулација. Тој Бадентер оваа година беше прифатен и покрај тоа што сакаше да ве убеди, за среќа наша по десет години, сепак се установи дека албанците биле во право, додека вие од македонскиот блок не бевте во право ни тогаш, па ни сега не сте, заедно со Европската комисија која ја предводеше Роберт Бадентер за таа висока оценка наводно дадена од таа група на европски процени. Албанците уште пред десет години стравуваа дека таквите решенија во Уставот ќе предизвикаат кога, тогаш проблеми во Република Македонија. Тоа мислење ние и денеска не го повлекуваме, дека понудените решенија со преамбулата, со новиот текст на преамбулата дека нема да се повтори она што за жал ни беше војна и што ни се случи оваа година. Несакав да се потврди тоа и вие да се убедите господа македонци, но за жал тоа што го рековме пред една декада, оваа година се потврди, ни се случи војна. Уставот на РМ донесен 1991 година е извор на криза во Република Македонија. Токму лоради него имавме војна, заради таквиот Устав и заради

нерамномерна положба на албанците спрема македонците и останатите. Полека, но сигурно ни се случија многу трагедии кои го потхранија државниот тероризам спрема албанците во Република Македонија. Не сакам истите решенија понудени со новиот текст на преамбулата да го потхранат и натаму државниот терор према сите други немакеоднци. Ние предупредивме уште на време и сега предупредуваме дека со непочитување на Рамковниот договор постигант во Охрид, со некоја нова измена на преамбулата од граѓанска во национална, ќе имаме етнизација на Република Македонија, а деетнизација во нормативниот дел на измените на Уставот, со било која измена на преамбулата или пак некој друг амандман што би придонел за некоја измена, ќе имаме една голема конфузија не само во нормативниот дел, туку една голема конфузија во меѓунационалните односи, бидејќи секогаш сме рекле дека Уставот е генератор на кризата во Република Македонија. Јас на РМ и на државата Македонија не и сакам еден ист таков извор на криза кога веќе ни се случи она што ние предвидовме. Доколку дојде до измена на преамбулата каде ќе фигурира како доминантен само македонскиот народ, но не и албанскиот народ како конститутивен народ кој го чини 1/3 од вкупното население во РМ, тогаш албанците се повредени не само политички, не само физички, не само културно, туку на таков начин се повредуваат чувствата за опстанок на албанците во заедничка држава Република Макеоднија. Партијата за демократски просперитет не го сменила ставот во ниту една прилика по спорните прашања меѓу македонците и албанците. Господа пратеници македонци, уште еднаш да потврдам пред јавноста, не сме против македонскиот народ да постои во преамбулата, туку покрај него во таа преамбула да стои и албанскиот народ. Заради тоа што сакаме Република Македонија како мултиетничка заедница да има хармонични меѓунационални односи каде во таа заедница никој не би бил ниту привилегиран, ниту потценет. Јас ја сакам така Македонија како држава која ќе биде сервис за сите нејзини граѓани. Бинационална да, и ништо не ми пречи, тоа јавно го кажувам. Македонија да биде подеднаков сервис како за македонците така и за албанците, како и за другите етнички етникуми. Таква ни е природата во Република Македонија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Јас навистина незнам кое е вистинското лице на таа група луѓе на кои тоа не им се допаѓа, или за вакво нешто не сакаат да слушнат, а камо ли да замислат. Сакам да Ве прашам кое е вистинското лице на таа група политичари што ги менуваат ставовите и во што е вистината за нив. Човечки е да се менува ставот. Но, доколку ставот се менува само еднаш, не двапати, не три пати, незнам колку пати да се доведе земјата во хаос. И онака Република Македонија се наоѓа во една од најтешките состојби во досегашната нејзина историја. Тоа насекого му е јасно. На РМ, и претстои момент да се биде или да не се биде, поради тоа што нашата одговорност е одговорност на албанскиот народ во РМ, а вашата одговорност е одговорноста на македонскиот народ во РМ, како и одговорноста на власите, србите, турците и на другите структури во РМ. Јас така се осеќам и така излегувам и излагам овде од говорницата треба подеднакво сите да го чувствуваме тоа.

Ставот на нашата партија и на нашата пратеничка група е јасна, конзистентен во своето настапување. Јавноста е запознаена и ништо во тоа не менуваме. Не е време за шеги, господа пратеници. Шегата настрана. Се работи за нешто што е најсветло, мир и слобода за сите граѓани во РМ. Доколку размислиме реално тоа е најсветото нешто за ова наше семејство. Ни претстојат големи работи кои ние треба да ги решаваме. Пред нас се сите тие проблеми кои чекаат на решавање.

Господа пратеници, сите тие кои не би се согласиле, по мое мислење и мое длабоко убедување, РМ сакаат да ја либанизираат, да воведат либанизација во РМ. Доколку не сум докрај јасен, тогаш, господа Македонци не е проблемот да ве убедам, туку вие имате проблеми со вашето убедување а не со нас затоа што бараме да бидеме конститутивен елемент односно народ во РМ. Повторувам, албанците буквално немаат ништо против да се спомнува македонскиот народ во Преамбулата. Ништо, ама баш ништо. Но, дали вие сте согласни, како и ние, во преамбулата да стои и албанскиот народ. Колку што гледам, новиот текст на преамбулата предложен од претседателот Борис Трајковски, тоа не го нуди. Ние се повикуваме и на историјата на македонската држава, се повикуваме на заедничкиот живот во РМ, дека паралелно албанците и македонците и останатите живееле во РМ. Доколку тоа не ви е јасно тогаш имате проблем со вашето убедување. Не е веќе албанскиот блок, во конкретниот случај виновен за сите недоразбирања кои евентуално можат и да се случат во наредниот период. Тука е проблемот што вие г-да македонци сте против другите, односно против албанците. Тоа се вашите проблеми со вашите убедувања. Вакво водење на политика секогаш ќе има проблеми и тоа многу проблеми. За жал, јас не сум свесен каков развој ќе имаат во тек проблемите што во иднина ја чекаат РМ. Ние воопшто не сме задоволни со Рамковниот договор постигнат во Охрид, по многу прашања, и тоа со ограничен статус на службена употреба на албанскиот јазик во РМ, употреба на симболите, политичкиот статус на албанците. Нерешеното право на високообразование и друго. Само еден пример, да ве потсетам, тука е г-динот Фрчковски кој уште пред осум години рече дека ни се роди едно мртво дете. Меѓутоа, тоа дете е уште во колевка и само се лула, направи осум години, а по

проценките на Љубомир Фрчковски тоа нема нозе. Само да го потсетам дека гагаузите во Молдавија зборуваат турски а не се турски народ, жители на Молдавија. Со 173 жители имаат универзитет и тоа со 17 различни факултети.

Со Рамковниот договор нешто се подобрува, но проблемите остануваат на иста положба, како што тоа го регулира Уставот од 1991 год. Но, во делот на тој договор положбата на албанците и натаму се влошува.

Рековме компромис. Тоа беше можното во дадениот момент. Немојте г-да пратеници да менувате ставови кога сакате и како сакате. Договорот е договор и сакаме да го испочитуваме сите заедно. Нека се почитува истиот. Нека се почитува истата преамбула од Рамковнот договор постигнат во Охрид, господа пратеници. Господа, треба да го чуваме ако не друго образот, пред сите, и пред јавноста и пред нашите избирачи да покажеме дека имаме човечки антрополошки карактеристики. Тоа да не биде само формално, колку да се каже дека му припаѓаме на човечкиот род. Другите по нас, доколку менуваме ставови, ќе речат дека овие особини сепак не им се развиле така како што предвидува природата, на сите тие што се пишманеле по Рамковниот договор постигнат во Охрид. Деновиве ова на големо го покажаа некои македонски политичари, меѓукои и еден за кого и неговите сопартијци на едно мое обраќање и спомнување на неговото име на говорницата ни порачаа да ја исплакне устата, кога би го спомал неговото име, а другиот сопартиец до него ми префрли дека, кога би го спомнал него, неговото име, не само да ми биде исплакната устата, туку во таа прилика да земам и азбест и ред нешто друго.

Господа пратнеици, се виде дека луѓето потписници на Рамковниот договор се без "рбет, мекотелни суштества. Покажаа неверојатна податливост да бидат внесени и по потреба обликувани. Ајде што покажаа недостиг од "рбет, туку се виде дека фалат и образи. Жалам што вака морам да се изразам. Образите им се претвориле во ѓон, дури човек нема каде да ги плукне ако треба, а во дадените ситуации треба да бидат плукнати, природата им подарила говор, воспитателите писменост. Што вреди кога не им подарила и карактер. Скришум одат, разговараат, преговараат, калкулираат, се пишманат, потоа лажат и се потпишуваат, не еднаш туку и по два три пати, потоа самите си плукаат на сопствениот збор, на сопственото име и презиме. Достоинството намерно го прескокнав, бидејќи таквото никогаш и го немале. Доколку некој мисли дека може да си земе за право да ги узурпира основните права и интереси на другите и со ниту една друга аргументација тие не може да ги правда за земање на права што не му припагаат, со таков вид узурпации на интересите на другите, овде во парламентот не само што не може да се создаде клима за конструктивен дијалог и договор, туку проблемите се продлабочуваат за дестабилизација на РМ. Можеби во крајна линија таква е и целта на оние што ги кршат основните норми на дозволеното однесување, со цел да се дестабилизира РМ. Згора на тоа, првиот парламентарец односно спикерот Стојан Андов, кој секој ден, оние што може еден по еден да ги блефира во Собранието, парламентарците, со некоја нова приказна за измена на Рамковниот договор, што би го спасило него и неговиот наредбодавец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитувани пратеници, само една кратка реплика, бидејќи навистина беа искажани многу тешки зборови и кфалификации за одредени луѓе.

Јас сакам само да потсетам дека согласноста дадена од страна на четирите лидери не беше кажана само од претседателот, г-динот Трајковски, туку децидно беше кажано од високиот комесар г-динот Хавиер Солана и тоа во име на Европската Унија. Тој децидно рече дека четирите лидери дадоа согласност.

Јас се сеќавам дека на оваа говорница во ова Собрание, од исти луѓе, кога премиерот имаше некоректен став, според мене спрема Рамковниот договор, ние за самите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ рековме дека тие што не го почитуваат нивниот лидер, треба или лидерот да се смени, или пратениците да се сменат. Ние бевме тие кои го кажувавме тоа. Сега од истите луѓе, тие наместо да го почитуваат својот лидер, сакаат *со* тоа, нападот е најдобра одбрана, да напаѓаат луѓе со такви навредливи зборови.

Мојата реплика е, барем такви навредливи зборови да не кажуваме за тие кои не се тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека не може некоја теза повеќе да се докаже ако кажуваме некои премногу силни зборови. Тоа нема да значи ништо, нема ништо да придонесат овие зборови како што се кажаа без рбетници и тн. Треба да се оди со аргументи, да се кажуваат аргументи а не да се оди со навреди.

Има збор г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Денес навистина имаме за што да расправаме, да расправаме за судбината на граѓаните и на државата во целина и навистина треба да бидеме посериозни во однос на сите наши постулати и идеи кои се однесуваат на конструкцијата на обликување на хармоничниот живот во државата. Но, за жал, постојат политички сили кои ите како знаат да играат и понекогаш да ги пореметуваат и добронамерните принципи кон општиот развој.

Сметам дека ќе мораме уште еднаш, јас ќе морам уште еднаш да кажам дека, кога се зборуваше за Рамкмовнот договор имав потполна доверба кај сите лидери на политички партии затоа што само големите политички партии, по математички пат, можат во овој момент да го решат проблемот, додека малите политички партии кои немаат гласови можат да бидат само кочница во разрешување на одредени позитивни одови.

Баш во тој правец Демократската алијанса на Албанците во Македонија им даде целосна поддршка, уште еднаш го подвлекувам, уште еднаш, на четирите лидери на најголемите релевантни политички партии во Македонија. Но, како што ги гледаме работите нешто се менува во таа архитектура што била подвлечена, потпишана во Охрид односно потпишана во Скопје. Нека ми биде дозволено сега да кажам некои мои размислувања, се разбира во однос на мојата политичка програма, која секако не може да се уклопи, перманентно и стално кон политичките други изигрувања затоа што со таа политичка програма, таа е регистрирана и мора таа да биде конституент а, се разбира да ги почитува и другите политички партии но првенствено сметам дека треба да ја почитува својата политичка програма. Во тој правец ќе изнесам некои мои размислувања, а се разбира и размислувањата на Демократската алијанса на Албанците.

Стабилната демократија не може да опстои без стабилни луѓе, без мудри и ефикасни државници кои ја владеат вештината на политиката и се способни договорените работи да ги имплементираат заради потреба на граѓаните, културите, симболите на чувствата, да го одржи симболичниот и конкретниот континуитет на развојот на добрите акции за трансформирање на нашиот ум и на нашиот простор.

Рационална држава и рационална ефикасност не може да се постигне без силна и вистинска желба на политичарите во овие простори, за егзистенционалните потреби на сите граѓани од сите етности, култури и тн. Тоа е желба на поврзаност кон општите умови вредности на животот што постепено се вградува и мора да се изградува во овој миг и секогаш.

Демократската алијанса на Албанците во Македонија, како што кажав и пред тоа Рамковниот договор го прифати и го подразбира како документ кој има механизми за отстранување на најпроблематичните норми на однесување и приближување на нештата, кон изигрување на толерантната хармонија на животот меѓу граѓаните од различните етноси кои имаат потекло од една почетна точка. Постојат политички челници за да ги водат партиите и да ги пренесуваат нивните ставови, да заземаат ставови врз основа на нивните политички програми и истите да ги имплементираат во животот, преку политичките механизми.

Со што се мери нашата денешна демократија?

Таа не се мери со енергија на изигрување, со енергија на ликвидација на претпријатија, со отпуштање од работа на луѓе, според математиката дека не е тој од мојата партија, дека поставуваме директори, секретари и секретарки, чувари, хигиеничари, текстилци, носачи на аеродроми, пошти и железници, со партиски книшки. За жал, според нашиот код, најдобар е оној државен функционер кој отпушта од работа луѓе од друга политичка партија, дека тој е лојален кон партијата, дека тој заслужува партиско внимание, дека тој треба да биеде на пивосока државна функција и слично.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:** (Продолжение)

Ќе дојдам до Преамбулата и другите процеси, но за тоа реков и на почетокот, ќе кажам некои мои општи несогласувања со општата доктрина што ја водиме денес.

И конечно, политичарите станале купувачи на претпријатија, купувачи на фабрики, стадиони, фурни, културни домови, кино сали, штали за кокошки, кардиологии и незнам што. Граѓанинот, Македонец, Албанец, Турчин, Влав, Србин, Ром, Бошњак, за жал купува глас, купува неперспектива, купува улица за да ги кажува неговите тешкотии, соништа купува и ведро небо.

Овие денови во Парламентот слушнав солидни но и глупави, бајати дискусии кои немаат врска со реалноста, дека се што е пред нас е катастрофа, дека преамбулите на уставите создавале народи и нации, дека без тие не постоеле народи и нации, ниту пак цивилизации и култури. Тоа апсолутно не е точно. Сите овие и такви дискусии се повеќе имаат каприциозна енергија. Народите не се формирани од преамбули на устави, дека преамбулите не создаваат устави, дека тие не се неопходни, дека преамбулите, за мене, во краен случај покажуваат лабилност во духот на човекот, дека преамбулата на Уставот на Република Македонија е самото име Македонија и народите кои живеат во неа, дека таа постоела, постои и ќе постои и по нас, па ќе постои па и без нас. Таа постои поради луѓето кои ги сочинуваат народите и културите кои живеат во неа, и тие луѓе од тие етноси ја сметаат за сопствена татковина и мајковина. Никој, ама баш никој граѓанин од Македонија нема своја резервна држава. Во рамките на тоа и албанците од Македонија немаат резервна држава. Единствена татковина и мајковина, за Демократската алијанса на Албанците е оваа земја која се вика Македонија. Народите или постојат или не постојат. Тука нема можна средина. Можна е само таа што постои. Македонците постојат во сопствената земја. Албанците постојат во сопствената земја Македонија. Турците, Власите, Ромите, Србите, Бошњаците, постојат исто така во сопствената замја која се вика Македонија. Значи, сите ние постоиме во сопствената земја и имама име.

Другите, во краеn случај нака ме викаат како сакаат. Јас и сите ние имаме име и на народи и на култури и на сопствана земја. Тоа значи дека знаема и знам како се викаме и на кој етнос, народ, култура и цивилизација и припаѓаме и знаеме како се вика нашата земја. Нека мачи мака екстерноста. Таа не е и не треба да биде наш проблем.

Народите и нациите се историска, социолошка и културна категорија и во ниту еден момент не може да биде биолошка категорија. Јас ова последново не го прифаќам, не ги прифаќам ни антрополошките тези кои се компромитирани во воведите на секоја вистина и наука. Нека кажуваат приказни колку што сакаат луѓето кои ги форсираат биолошките, физиономските и антрополошкита тези за народита. Тие за современата вистина са мали и ситни луѓе и иститe, се разбира, се надвор од мојата вистина. За тоа имам право така да мислам, со аргументи и во крајниот случај баз аргументи. Аргументите се моите чувства.

Амандманите предложени, според мене, треба да бидат упатени, што ја отсликуваат реалната апроксимативна вистина. Но, оние амандмани кои биле предложени во Рамковниот договор. Сеуште не сме спремни да прифаќаме избирни амандмани кои, денес слушаме има и такво нешто.

Развиваме апстракции преку политички игри и останавме метафора што не можеме да го прифатиме чинот и сегашноста. Како да сме надвор од границите на употребливоста. Веројатно сме потрошени во апстракции и глупости, за да ја имплементираме иднината, нормативите на Рамковниот договор, амандманите кои биле прадложени од страна на, реков, најрелевантните политички партии. Таквите размислувања кои биле прифатени ќе ги почитувам. Другите измени за сега не сум спремен да ги прифатам, односно Демократската алијанса, поради тоа што срцевината на нејзината програма *е* граѓанска тешко *ќе* можа да ги прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Во самиот почеток на мојата дискусија сакам да поставам едно круцијално прашање.

Дали ние денес овде ја конституираме Република Македонија и дали денес донесуваме Устав на Република Македонија? Зошто го поставувам едното и другото прашање.

Ако го прочитаме амандманот кој сеуште важи, од постоечкиот Устав, на крај вели дека Собранието на Република Македонија го донесува овој Устав, во врска со сите овие работи што се во преамбулата. Ве молам, дали има во светот една држава која во својата историја ја променила преамбулата. Дали тоа значи дека ние пишуваме денес нова историја на Република Македонија, или овие историски факти кои се напишани во постоечката, ја искажуваат суштината и се она што било како амбиент, при конституирање на самостојна и независна Република Македонија. На овие прашања не може да се даде одговор, бидејќи имаме една крајно ступидна ситуација, сами да менуваме нешто што е неменливо. Меѓутоа, за содржината, како втор аспект во мојата дискусија, бидејќи јас ќе се осврнам, господине претседателе и на некои други аспекти, со оглед на тоа што немав можност, бев пријавен на претходните седници да се произнесам по некои амандмани и комплетно ќе се задржам на амандманот четири, за Преамбулата.

На самиот почеток сакам да разјаснам еден пристап, однсно дека мојата дискусија, без оглед како за кого *ќе* звучи, ќе биде повик за национално единство, кое ни е нужно во оваа трета фаза на донесување на уставните амандмани, односно комплетна промена на 15 членови од Уставот, плус Преамбулата. Зошто го правам ова?

Прво, затоа што претседателот на Република Македонија сам предложи да се избрише македонскиот народ од Уставот. Господино Леотар со право постои прашање до пратениците, што сте запнале за зачувување на Преамбулата и зошто сте против промена на Преамбулата, кога самиот ваш претседател предложи истата да се менува. И не е чудно што во дебатите ги имавме со граѓаните на Република Македонија по дискусиите во врска со предложените уставни промени, граѓаните се изјаснуваат и велат дека тој претседател не го признаваат за свој претседател, бидејќи работи против интересите на својот народ, на своите граѓани.

Второ, зошто повикувам на национално единство во оваа трета фаза? Затоа што пратеничката група на СДСМ е толку компактна во одбрана на предложените решенија во уставните промени, кои ги потпиша нивниот лидер, без самокритички да признае дека тоа е класично предавство на интересите на Република Македонија, доколку иститe се изгласаат без минимални одобрувања на неколку амандмани за кои на крајот ќе зборувам.

Трето, затоа што дел од пратениците, велам дел, затоа што досега така се искажаа, на ВМРО-ДПМНЕ, едно зброуваат тука на говорницата, при гласањето поинаку гласаа и во претходните две фази во кои беше предлог иницијативата и нацрт амандманите на Уставот. Обратно, гласаа од искажаните ставови, со точна математика, колку гласови се потребни за да поминат уставните промени, предложени од господинот Борис Трајковски. При тоа, морам да спомнам

дека за нас тука е битен само крајниот резултат. Се друго е прозирна игра и граѓаните повеќе не можат да се измамат со демагогија и никој, со еден таков пристап не може да се испере пред граѓаните на Република Македонија.

Четврто, затоа што пратениците, македонски албанци не можат ни еднаш да се издигнат над надминатите историски стереотипи и упорно заговараат некои решенија кои водат кон дезинтеграција на Република Македонија, а не кон нормален заеднички живот на сите граѓани на Република Македонија.

И конечно, петто, затоа што во сета оваа ступидност, апсолутно се заборавени сите други националности кои живеат во Република Македонија и нормално, нивните интереси. Еве, затоа е овој мој повик на национално единство, или ако сакате трик за спасување на нешто што не смееме да го дадеме.

До претседателот на Република Македонија не се ни обраќам, бидејќи тој да имаше и малку свест ќе искористеше барем малку од стручната и научната мисла, а тука се двата универзитети, особено сакам да ги пофалам дискусиите и материјалите добиени од Правниот факултет, другите факултети, разни здруженија, МАНУ, без оглед што малку закасни. Секој став, е добродојден, без оглед кога доаѓа и разни невладини организации, писма од граѓани, здруженија и тн., кои ги добивме во голем број и очигледно дека граѓаните имаат огромен интерес, дали поединечно, или во склоп и согласно организациите во кои партиципираат. Меѓутоа, не е само интересот, туку тие се загрижени за иднината на Република Македонија.

Претседателот размислуваше, меѓутоа, не зема минимум од оваа стручна и научна расправа, за да направи барем колку толку подобрувања на амандманите или текстовите што се дадени како предлог амандмани. Напротив, тој направи промени само во два амандмани, и покажа дефинитивно со што беља си имавме Република Македонија и тоа голема беља, за писмата до Буш, до Пауел и до Кондолиза Рајс, во врска со Преамбулата, текстот, па сега имаме нов текст и тн, навистина незнам што да кажам. Тоа е, да не кажам срам за Рдпублика Македонија.

Кога сум кај господинот претседател, јас незнам дали е тоа негово дело, или на неговите советници, пардон, платениците. Кога сум кај нив ќе спомнам една нивна генијална идеја за уставна декларација. Скоро ја слушавме и се чудев зошто таа декларација ја нема, во која генијална идеја, требаше Преамбулата да се извади од Уставот, да се стави во таа декларација и таа декларација да се донесе таква каква што е предложена. Оттаму тргна и идејата Преамбулата да се брише, таа идеја за декларација. Ние мораме да се вратиме на корените на тие измени. Претпоставувам, советниците, тоа, по логика и по аналогија ако направиме и му советуваме на претседателот. Тука се наоѓа, господа пратеници и почетокот на крајот. Сега ние трошиме енергија, време, па дури и ако сакате позиција, бидејќи овде ни е наметнат еден договор помеѓу две страни, позиција за да спасиме нешто друго и се враќаме сега на Преамбулата која и онака, никој во светот, а без оглед на дискусиите, тоа се само статички дискусии на господата македонски албанци што ги слушаме тука, јас длабоко убеден во тоа. Никој во светот нема ништо против таа преамбула, бидејќи тоа е чист историски факт и опишува како и кога е настаната Република Македонија.

Со оглед на досегашната активност, тотално промашена, на советниците, нивната работа и штета која ја направија за Република Македонија, за која тие де јуре не полагаат никому сметка, а се добро платени од страни држави и од претседателот на Република Македонија за работа која му ја вршат, предлагам Собранието да донесе резолуција со која им се укажува на сегашниот и сите идни претседатели на Република Македонија, никогаш тие да не се земат за советници.

Се обраќам сега до пратениците на СДСМ. Некои од вас господа пратеници ги слушавме во одбраната на Рамковниот договор и предложените уставни промени, како ја квалификувате нашата иницијатива, тогаш за одбрана, или ако сакате за референдум, по едно круцијално прашање. Јас сум среќен и сега ќе изјавам дека сум горд, бидејќи припаѓам на партија која застана во одбрана, барем на некој минимум црвена линија што може да се одбрани во целиот пакет на уставни промени. Благодарение на такви наши дискусии се покрена еден замаец би рекол, за да се вратат некои работи и ни се приклучија сите овие што ги спомнав, во јавната расправа и стручни и научни институции и многу организации и тн.

Ја квалификувавте тогаш нашата иницијатива како ситна игра. Јас не знам, ако е ситна игра, господа пратеници, промена на Уставот во ваква форма и решение, што е за вас крупна работа.

Понатаму некои од вас ни претеа дека двата големи камена, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ ќе не сомелат како партија. Тогаш добивте одговор од еден мој сопартиец дека вие фактички го мелете народот, а не нашата партија, а јас ќе потсетам, секогаш квантитетот не е и квалитет.И дијамантот е мал, меѓутоа, двата големи камења не можат да го сомелат.

Се обидовте да ја смените темата, со читање на нашите стенограми, со утврдување на факти и тн. Јас би ве замолил да престанете веќе еднаш со бескрајни лажни обвинувања, а доколку сакате да

прозборуваме за тие прашања, како што се криминалот, за корупцијата, за провизијата, за сите девијации кои вие први ги воспоставивте како систем во Република Македонија, а потоа ВМРО-ДПМНЕ до совршенство ги разработи, спремни сме, ако сакате да ги расправиме до крај и тоа еднаш за секогаш. За тоа колку ние како партија сме биле визионери сосема и е познато на македонската јавност. Тоа не може да се скрие ниту со платени медиуми, ни со големи кампањи, тортури, блокади и тн. Се знае дека ДА уште во 1999 година предложи уставни промени, но во еден сосема друг правец, што не беше прифатено, за жал од тогашните наши коалициони партии. Зошто, може да се протпостави.

За тие промени, како стратегија на ДА, се знае дека таа направи студија со јасно зацртан развој на државата, на целото македонско општество. Но, таа студија заврши во фиока. Се знае дека уште 1995 година нашиот лидер изјавуваше за меѓунационален, историски договор, како граѓански концепт. Ќе цитирам само еден пасус од неговото интервју во "Вечер", кој е суштински пасус, од 21 март 1995 година. Суштината е токму во тој дел за лојалноста на Албанците на Република Македонија и неговата загриженост врз развојот на настаните, што впрочем денес се покажа за сосема точна проценка, но сега е предоцна.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:** (Продолжение)

Еве го цитатот: "во тој контекст од опасноста на интегрално решавање на албанското национално прашање од што стравувам, би спротивставил активна граѓанска политика на историски договор за мир, меѓусебно почитување, лојалност кон земјата, отфрлање на екстремизмот во меѓуетничките односи, либерален пристап кон и несметана имплементација на човечките и националните права. Ваквиот тип на историски договор би бил граѓанска иницијатива и автохтона граѓанска активност". Но, сега, господа пратеници, на ред е сосема друга тема и затоа јас ви препорачувам да ја прочитате книгата од Антони Демело "Будење" да се разбудите, во таа книга велат треба некој живее живот, цел живот и не се разбудува до длабока старост и ако тогаш се разбуди и биде свесен, ќе му биде касно бидејќи во таа старост не може да си го распознае идентитетот, ни животот што го водел да си го распознае. Има и пример во таа книга во која што вели, еден човек ставил јајце од орел под кокошката, се испилил орелот, видел дека другите коковчиња кљукаат и цел живот кљукал по земја. Кога влегол во длабока старост видел еден орел како лета високо на небото, прашал која е оваа птица, му рекле орел, меѓутоа, ти не можеш да ги достигнеш тие височини, бидејќи ти си кокош. И, така си го проживеал животот, неразбудувајќи се воопшто. Зошто разбудување, колеги! За да се разбудите, бидејќи се разбуди и вашиот член 001 и го отфрли Рамковниот договор и предложените уставни промени во него. Не вреди ако утре заклучиме дека згрешивте, а враќање назад нема. Тоа е иста ситуација, ако го гледавте оној филм "Пат до рајот" кога во 1995 година на судењето после нападот на светски трговски центар од екстремистите во 1993 година, филмот е снимен 1997 година, филмот завршува со реченицата кога ги осудија терористите исламските фундаменталисти со реченица филмот завршува "и двете следниот пат ќе ги срушиме". Тоа се случи сега на 11 септември, за жал. Меѓутоа, не вреди што ги осудија по 240 години, во 1995 година актерите на тој терористички чин, кои што се фатени од ФБИ и ЦИА, бидејќи не се фати целата мрежа и не се затворени сите актери. Отпосле се е касно. Затоа, апелирам на будење на свеста и на будење да се распознае сопствениот идентитет. Ние, сега и во овој момент мораме да најдеме оптимално решение, оти сме доведени во ваква ситуација, ступидна и апсурдна, затоа што утре ќе биде доцна. Затоа, ве повикувам да ни се придружите кон минималниот пакет.

Сега се обраќам до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Имавте, господа пратеници од ВМРО-ДПМНЕ навистина некои вдахновени и патриотски настапи и дискусии во врска со предходните фази од уставните промени и од Рамковниот договор и сите аспекти што се разгледувани во ова Собрание, нормално, и понудените решенија во него, но за жал, при секое гласање резултатот беше сосема поинаков. Предлозите поминуваа, господа, на македонските граѓани се им е јасно и не можете повеќе да ги излажете. Дајте сега и вие да се разбудите, да се сплотиме, да ги заборавиме партиските бои и да го спасиме барем минимумот кој што може да се спаси. Иако, навидум се заборавени некои афери, прикаски и стории, на пример, со вашиот министер за одбрана, кој наместо да ја опремува армијата 11 или 13 милиони германски марки ги средил со баџанакот и тастот, па армијата немаше средства за одбрана против терористите во почетокот на кризата. Бидете сигурни дека ќе се најдат аналитичари денес или утре, кои ќе ги земат сите работи предвид и историјата ќе се напише за сите овие збиднувања. Што вреди сега и тој министер да го осудиме 240 години, кога ни ја упропасти земјата. Има, за жал многу примери во најблиската ни историја, кои посебно или заедно ја овозможија оваа криза и дека без таква девастација како на институции на системот, така и на економијата односно стопанството падна гардот за одбрана на Република Македонија од било која закана и од надвор и од внатре. А, таа беше спрега на двете. Јас за овие појави укажував уште од претседателските избори и локалните избори, зборував за шумарот што ќе не избрка, бидејќи лево-десно опција се тепа и го мели народот, меѓутоа, не можев ни во сон да претпоставам дека шумарот ќе биде претседателот на државата.

Се обраќам на крај до пратениците македонски албанци, кога зборувам за историските стереотипи, сакам да укажам дека

ниту еднаш политичарите македонски албанци не се заложија за интересите на Република Македонија, доколку тоа било спротивставено на решавањето на глобалното албанско прашање. Не се сложувам со тезата дека не се лутиме на македонските албанци, заради состојбите, туку само на македонците. Зошто? Заради лојалноста, господа пратеници. Сите ние тука како пратеници, па и други политичари да имаат дадено свечена изјава, имаат заклетва пред овој Устав, кој што сеуште важи, меѓутоа, многу, многу примери ја покажуваат спротивната страна. Нивна држава на македонските албанци е Република Македонија. Тие примери ги кажуваа моите колеги во однос на употребата на знамето, на химната, дури имаме врвни политичари кои ќе излезат од границите на Република Македонија и ќе не нарекуваат БЈРМ, ФИРОМ итн. За феноменот на буткање на смет под тепих, исто така, јас зборував од говорницата на Собранието, храброст е да се отворат некои теми и да се расчистат еднаш засекогаш. Со расчистување само ќе си направиме стабилни фундаменти, или ако сакате столбови за долгорочна стратегија и државна и национална на Република Македонија и повеќе никогаш нема да се враќаме на отворените прашања, сега конкретно говориме за меѓуетничките прашања и нивно решавање. Тие прашања мораме со храброст да ги отвориме, бидејќи сите не засегаат. Исто, и македонците и албанците и сите други националности во Република Македонија. За да го поткрепам ова јас ќе ве потсетам, каде е на пример реакцијата на македонските албанци на платформата на Албанската академија на науките и уметностите од 1998 година, со наслов албански етнички простори, раководена од Реџеп Мејдани, а при што имаме информации, јас немам изворни документи дека и некои врвни македонски политичари учествувале во изготвување на еден таков документ, кој што во својата содржина, нормално, ги има и деловите од територијата на Република Македонија.

Понатаму, каде е реакцијата на декларацијата од март 2001 година на албанскиот парламент, кој се изјасни со таа декларација против македонско-југословенскиот договор за протегање и офис на границата помеѓу двете држави, нормално, тука спаѓа и Косово. И, низа други работи, тука не е колегата г. Харуни, кој неколку пати ни зборува за државен тероризам. Јас сериозно се запрашувам друг да го кажеше од некоја партија која што не беше во власта, ќе ми беше некако прифатливо, па да го анализирам случајот. Меѓутоа, овој случај не сакам воопшто да го анализирам. ПДП учествуваше во власта и сега ја обвинува државата за државен тероризам, а г. Харуни партиципира во таа партија ПДП, тоа значи дека тие го правеа тој државен тероризам, бидејќи имаа неколку министерства и беа партиципиенти во Владата и во рамките на Владата можеа да се изборат. Сега, испадна дека некој квази државен тероризам постоел тогаш а тие се надвор од тоа, без оглед што партиципирале сериозно во претходните влади, особено за настаните кој тој ги посочува. Значи, периодите, зборувам за тајмингот на тие настани, кои точно се случуваа во време кога ПДП беше партиципиент во Владата со СДСМ. Ние, исто така, јас морам самокритички да кажам не опстоивме како Собрание, како пратеници на ова Собрание со точен назив односно име и презиме да ги наречеме настаните од февруари и во заклучоцие од март 2001 година, кои што ги донесе ова Собрание, не ги нарековме актерите на настаните албанските екстремисти, терористи. За жал, не смогнавме сили, водејќи сметка за сензитивност на, господа пратеници од албанска провиниенција, а од друга страна ОН на 26 март донесоа Резолуција во која јас ќе прочитам точно како тие се наречени. Зошто е тоа битно, без оглед на тоа што слушаме сега некои министри и тн., велат не е тоа централно прашање. Се сложувам не е централно, меѓутоа е битно. Зошто? Еве, имаме глобална борба против тероризмот во светот. Резолуција 1345, 21 март 2001 година, точка 1 вели "строго се осудува екстремното насилство, вклучувајќи ги терористичките активности во одредените делови на Македонија". Што значи тоа? Советот за безбедност на Обединетите нации во Резолуцијата 1345 имаше сили тоа да го каже, ние во ова Собрание, водејќи сметка секогаш, тоа е оној феноменот на тепихот што ви го кажував, за сензитивноста на нашите колеги, ајде сега да не правиме беља, да бидат и тие учесници и потписници на таа декларација, не смогнавме сили. И, заради тоа не нарекување со име и презиме на одредените активности, групи, настани итн, се доведуваме во оваа ситуација во која што сме сега. А, акциите на тие терористи, господо пратеници, не се само за човечки права, бидејќи ако се анализираат настаните, а веќе имаме сега една временска дистанца да ги анализираме, ќе се види дека точно по план се уништувани во почетокот во руралните средини тетовско и кумановско, стопанските објекти, за да немаат егзистенција граѓаните од тие региони и за да се спроведе она што е и крајната интенција етничкото чистење итн. Да не зборувам за огромната штета директна или индиректна на економијата и вкупно на Република Македонија од една, две милјарди германски марки до сега од оваа војна, што е исто така, по мене, длабоко смислена односно длабоко смислен план и цел за растурање на државата како таква. Бидејќи, нормално, без економија нема егзистенција и нема живот. Би можел да редам низа други работи, како што е и извршната наредба на Џорџ Буш јуниор, претседател на САД, кој што точно ги дефинира и ги нарече овие алнабски екстремисти со име и презиме и дури сите организации се наведени во егзекутивордерот, сега да не ви го читам, сигурно го имате и по име и по презиме, сум го читал еднаш и на комисиите, господине.

Сега, после овие обраќања ќе се вратам на единството. Некој може да се запраша дека не е конзистентна оваа моја дискусија со единството. Јас ќе кажам обратно, за да се обединиме, мора точно да ги дефинираме и

пријателите и непријателите, и тие што се со спротивно мислење со аргументи да ги убедиме и токму тие, јас сега во оваа кратка дискусија се обидов да ги опишам и затоа, конечно, повикувам на единство, како што тоа го направи македонскиот народ во Манифестот на АСНОМ. Точно, дефинирајќи ги непријателите на Македонија, за да повикот за единство биде до оние другите. Јас, се извинувам, меѓутоа, заради кратка меморија на одредени македонски политичари морам да прочитам 2, 3 дела од Манифестот на АСНОМ, од првото заседание кое е повик до македонскиот народ и народностите во Македонија и до македонската емиграција.

Првиот став, а сите ставови почнуваат со "Македонски народе" 15 пати. "Во дните на најголемите световни сатресенија, во времето на најкрвавата борба на македонскиот народ, твоето Прво Народно Собрание израснато од крвта и животите на најарните твои синови, во твое име, излегува пред лицето на цел свет да каже на пријатели и душмани, на сојузници и окупатори, на блиски и далечни оти македонскиот народ е решен да заживее слободен живот и оти никаква сила на светот не може да му застане на неговиот пат кон полна национална слобода. " Понатаму вели, јас сега само некои клучни делови ќе ги извадам, "и токму таа сила ги заплаши твоите скриени и отворени душмани, империјалистите од комшиските балкански држави", понатаму вели, "ти беше през 23-ти годишен живот под велико српското ропство", па понатаму вели, "под великобугарската окупација настанаа најтешките години на македонскиот народ, бугарските фашиски измеќари се преобрнаа во најверни кучиња на Хитлера" итн, итн. Па понатаму вели: "во Западна Македонија уште живеат албански фашисти околу криминалците Џемо и Мефаил потпомогнати од тие и тие" ги реди. И ја спомнува немилосрдната борба против фашизмот и крвавиот велико бугарски окупатор. И, за крај само уште еден дел ќе прочитам за да се потсетат пратениците и политичарите од Република Македонија.

"Македонски народе, од тешките борби и пролеаната крв на најдобрите македонски синови излегува денес Првото Народно Собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет и ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во Првата слободна Македонска држава. Вековниот идеал на македонскиот народ се постигнува". Завршен цитат.

Сега после овој вовед ќе се вратам на текстот на преамбулата.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:** (продолжение)

Сега после овој вовед ќе се вратам на текстот на преамбулата, постоечката преамбула и тоа само една реченица во средината, која секој може да ја провери. Се вели: "Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со албанците, турците, власите, ромите..." и следи до крај, па на крај вели: "Собранието на Република Македонија донесува" - се мисли на овој -"Устав". Значи ние тогаш не сме го донеле, сега со новата преамбула, која вели односно почнува со "граѓаните на Република Македонија", прво треба да се создаде држава, да се направи демократски систем, па тие луѓе што живеат во неа да бидат граѓани, но не е битно, тоа е од стручна гледна точка. Меѓутоа, вели: "одлучија да ја конституираат Република Македонија". Значи ние денес сме одлучиле да ја конституираме Република Македонија и на крајот вели "го донесуваат овој Устав". Денес или кога ќе биде гласањето, значи ноември 2001 година ова Собрание, срамно би рекол, ќе го донесе тој Устав како досега да не бил донесен.

Јас прашувам: Ние донесуваме Устав или уставни амандмани.

Прашувам: Има ли во светот некаде преамбула така да се менува.

Прашувам: Зошто се менуваат историските факти што не може да се променат ни со декларации, преформулации и тн.

Притоа сакам да го изнесам мојот личен став и ставот на пратеничката група и на партијата дека сосема друго прашање е доколку во преамбулата грешките се исправат во смисла на додавање на одредени националности, како што се србите, бошњаците, египќаните можеби и тн.

Со оглед на сето ова, ќе привршам со следното. Господа пратеници, повикувам на единство во следното:

Преамбулата да си остане како што е во Уставот на Република Македонија, без оглед што сега само таа е на дневен ред јас ќе кажам кој е пакетот. Да си остане постојниот член на Уставот во врска со верските заедници и местото на Македонската православна црква во тоа. Потоа, да се намали бројот на областите или членовите на Уставот, кои што ќе се донесува со консензус и конечно во врска со Комитетот за национални прашања, тоа не е само мој став, тоа е став и на мојата партија и на мојата пратеничка група, да бидат по двајца рамноправно од сите националности, односно национални малцинства во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, изгледа дека непрекинато ќе мора да се навраќаме на историјата и на начинот на кој е создадена оваа држава, односно непрекинато да ги сузбиваме тезите кои се изнесуваа дека единствените кои ја формирале оваа држава и кои придонеле за нејзиното конституирање се македонскиот народ и самите македонци. Таа теза не сме ја прифатиле ниту

имаме намера да ја прифатиме од една обична причина што не е вистина. Тоа што го извлекува господинот Карангелески од документите што ги испраќаат најразновидни историчари е само уште еден обид да се замагли една вистина, што се однесува до преамбулата и што се однесува до самото создавање на оваа држава, затоа што според мене тоа се две поврзани работи една со друга. Ќе поставам само едно јавно прашање пред сите, а посебно пред господинот Карангелески. Кога самите сте ја создале оваа држава, зошто тогаш не повикувате и сите нас заедно да ве поддржиме во тоа. Зошто во времето на Илинденското востание, во времето на антифашистичката борба на овој народ во оваа држава не повикувавте заедно да војуваме, зошто формиравме во тоа време албански бригади во Република Македонија, зошто албанците тогаш заедно се вас се бореа за создавање на оваа држава. Зарем мислевте на тој начин ќе ви помогнеме вие да бидете господари наши во оваа држава која заедно ја формиравме во тоа време, а и денес заедно одиме кон нејзина стабилизација. Така што било кој ваш обид да не убедите во спротивното нема да наиде на разбирање. Ние ја разбираме вашата желба евентуално да ја истакнете вашата национална припадност и во оваа преамбула, но апсолутно барем според мое мислење, тоа би требало да биде и став на албанските политички партии, ќе инсистираме да има соодветна улога и за албанскиот народ во тек на целата историја на создавање на оваа држава, така што неминовно секое спомнување на македонскиот народ во преамбулата ќе мора да доведе до соодветно место и за албанскиот народ во преамбулата и во самиот живот во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Таири што реплицираше и морам прво да му одговорам на две-три тези.

Прво, овие документи не ми ги доставија никакви историчари, бидејќи тие ги имаа во Собранието на Република Македонија како документи, а новите што ги читав можете да ги симнете и сами од Интернет бидејќи тој функционира и во ова Собрание во сите пратенички групи. Тоа е што се однесува до таа теза.

Меѓутоа, импутирањето дека јас сум рекол дека само македонскиот народ ја конституирал државата Република Македонија, јас тоа не сум го рекол, јас сум извадил некои работи од Манифестот на АСНОМ, Првото заседание, каде што можам да речам дека документот е совршен. Во тоа време можеби во Македонија беа правници, направија идеален документ. Мојата интенција беше да покажам дека тие точно знаеја, се обраќаа и до сите народности, според таа терминологија од тогаш, и албанците и турците и власите и тн. и има повик за единство во борба против фашизмот. Да ми се импутира теза дека само македонскиот народ ја конституирал државата Македонија, дека така сум рекол, навистина е нотoрна невистина. Јас само читав еден дел за да кажам дека постои дистинкција и во тогашните историски документи меѓу она што значи македонскиот народ и народностите и дека постои динстикција меѓу непријателите кои што беа и тогаш, без оглед од која држава се. Затоа реков дека постоеше во тоа време високо изградена свест и чувство за национални интереси на луѓето што го создадоа тој во тоа време, и сега, идеален документ ако се чита и претпочитува и со други зборови точно се наведени и непријателите за да на повик од тие што ќе се одзват да знаат на која опција приоѓаат. Правам паралела денес во овој момент во ова Собрание со тој документ дека денес треба да се обединиме - јас не ве двојам ни вас господа пратеници - да се обединиме, да направиме еден документ кој што ќе биде долгорочен. Јас тоа сум го зборувал неколку пати и во првата фаза кога беше иницијативата за промена на Уставот и во втората фаза, како и на комисиите и на сите средби со странски делегации во комисиите каде што партиципирам. Значи, не сакам да ми импутирате некои работи дека сами сме создале јас тоа не го реков, само цитирав делови за да се направи оваа дистинкција која што ја објаснувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Му се заблагодарувам на господинот Карангелески што на крајот призна дека сето тоа што го читаше низ документите се само извадоци, за да дојде до тоа што јас го кажав дека таа држава е создадена на малку поинаков начин. Што се однесува до самата содржина на тој Манифест, веројатно тие пет или колку биле тие правници што го составиле тој Манифест, не го консултирале ни тогаш, не бил консултиран албанскиот народ, па затоа и во времето што дошло понатаму се издигнале проблеми кои и ден денес се мачиме да ги отстраниме. Инаку, кога би бил тој тогашен документ толку добар, сигурно би имале многу поинаква ситуација од онаа што ја имаме сега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Сакам да го дополнам господинот Карангелески, да не бидеме како пратеничка група несфатени. Ние дискутираме, се залагаме да остане преамбулата на постојниот Устав на Република Македонија и само треба да дообјасниме дека сигурно не сме против во таа преамбула да влезат и оние националности кои се испуштени. Тоа треба да ни биде појасно заради поширокатa јавност.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине потпретседателе, ова сакам да биде мала реплика. И колку човек да се

труди дискусиите да врват низ една конструктивна атмосфера и со конструктивен придонес, навистина нема некаде простор каде што треба да се одмолчи културно и интелигентно и да се помолчи. Во денешната дискусија сакам да реплицирам на претходните дискутанти од популарно таканаречениот албански блок на партии, кои уште не усвоена преамбулата веќе почнаа да го промовираат терминот албански народ. Никој нема ништо против албанскиот народ било каде да живее, во било кои простори и на било која територија или во било која држава. Меѓутоа, принципиелно господа, не можете да имате народ секаде каде што ќе посакате во секоја држава. Вие можете тоа да го кажете, но не ќе можете да имате државотворност. Еднаш зборувавме за тоа, меѓутоа, изгледа нема реферирање воопшто. Вие сте народ во Република Албанија. Вие сте, незнам што сте во Косово, затоа што статусот на Косово е апсолутно нејасен во последните две години откако стана под јуриздикција на НАТО, стана еден политичко бандитски комплот и монструм, кој што се прокламира за борба за човекови права. Во Македонија не можете да бидете трет народ. Не ви забранува тоа никој, меѓутоа државотворноста е многу поинаква работа отколку што вие сфаќате. Овде беше искажано сакаме ние бинационална држава. Може да сакате, тоа е добро, може да сакате се, меѓутоа, прашање е дали е тоа патот, начинот и вистинскиот пат да се решат проблемите. Немам намера да влегувам повторно во непријатни реплики, но едноставно чувствувам потреба во овој момент да реплицирам околу тоа прашање.

И покрај ставот на координаторот на ВМРО-ДПМНЕ, кој што беше изложен денес и дискусиите на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во изминатиов период, и напорите да се направи компромис и да помине целата оваа работа, немојте така тврдокорно и безобзирно и понатаму да провоцирате и да одите во крајности. Ако е политички маркетинг, рано е за избори, ако е сериозно елабориран став, тогаш еднаш треба да го кажете јасно и гласно кој е тој лимит, односно која е границата, односно каде албанците во Македонија ќе застанат и што ќе ги направи задоволни, и што треба да направи македонскиот народ за да ги направи задоволни. Отворено кажете го тоа. Можеби ова е таа меѓуфаза, повторно се отвораат сомневањата, сомнежите, можеби ова е само меѓуфаза до крајната ваша опција. Но, ве предупредувам дека не ќе имате тогаш, ако мислите дека сега ја имате поддршката од меѓународниот фактор, дека ќе ја немате тогаш поддршката од меѓународниот фактор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинто Билал Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Целата моја идеја ја апсорбираше господинот Мевљан Таири, но јас ќе завршам само со две-три реченици.

Што се однесува до придонесот на Демократската алтернатива односно на господинот Карангелески посебно за разрешување на кризата во Република Македонија, а посебно во Собранието овде, се согласувам дека придонесувале посебно со идејата за референдум и верувам дека сите ќе се согласите, тие заслужуваат медали од Собранието, па предлагам Претседателството да подготви, но доколку нема, тогаш самата партија односно пратеничката група, координаторот Карангелески да ги замоли своите колеги да видат, можеби во своите фиоки од поодамна имаат формулари од поранешната СР Македонија односно СФР Југославија, некои формулари кои самите ги знаат во вид на пофалби и да ги пофалиме за придонесот во Собранието. Ова не го кажувам само како игра на зборови, но сосема до крај сум сериозен, бидејќи јавноста знае и сите ние знаеме дека изгубивме осум дена повеќе од 50 часови залудно и од тој дневен ред на кој се најде точката за референдум немаше корист, немаше корист ни Собранието, ни граѓаните, ниту помогнаа во разрешувањето на кризата во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Би сакал да реплицирам на господинот Прангоски. Изгледа дека многу го онерасположува секое спомнување на албанскиот народ, но би сакал да го потсетам дека ние се чувствуваме како припадници на тој народ кој што не живее само во Република Македонија, не живее само во Албанија, не живее само во Косово. Живее во поширокиот регион и ние се чувствуваме како дел од тој народ, како припадници на тој народ. Друга е работата како политички и уставно-правен статус имаме во Република Македонија и тоа наше незадоволство од нашиот постоен статус во Република Македонија го искажуваме јавно и секогаш ќе бараме изедначување на нашата позиција и правата со мнозинскиот македонски народ. Секој обид да се конституира оваа држава како еднонационална држава на еден етникум ќе наиде на наше контрабарање за конституирање на оваа држава како бинационална држава. Затоа, најдобро решение е тоа што е постигнато со договорот во Охрид, сите да бидеме конституенти на оваа држава и да не се препукуваме околу тоа кој има повеќе права околу конститутивноста на оваа држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор за реплика г. Вангел Симев, па потоа г. Карангелески.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, најпрво сакам да ја поздравам дискусијата на колегата Карангелески, бидејќи ја кажа

вистината за Македонскиот народ, поточно судбината што ја имаше Македонскиот народ, или со други зборови, проблемите што ги има Македонскиот народ од турско ропство до денес, точно од албанското население.

Мевљан Таири кажа многу невистини и многу отровни стрели исфрли спрема Македонскиот народ и према Македонската држава. Господине Таири, мора да знаете никогаш, никогаш не можете да ја делите Македонија со Македонскиот народ. Македонија е држава на Македонскиот народ. На една столица може да седи само еден, тоа е Македонскиот народ. Вие сте малцинство, а знаете ли зошто? Мора да ви објаснам. Секогаш ќе бидете. И мора еднаш да бидете лојални. Лојални на Македонскиот народ мора еднаш да бидете. Мора да бидете лојални како што се лојални другите малцинства.

Со ова вие кажувате дека немате цел за соживот, дека не сакате соживот, дека не ве интересираат никакви човекови права. Него, дека ве интересираат... (Дофрлање од место).

Точно е. Туку дека ве интересира Голема Албанија и ништо друго.

(Дофрлање од место).

Не знам кој прави. Тоа треба да си расчистите.

Вие треба да знаете дека има два вида на малцинства. Едниот вид на малцинство се тие кои живеат на своите етнички територии. Тоа се Македонците кои живеат во Грција, Албанија и Косово, кои со сила се одземени. Вие сте дојдени овде. Од Косово сте дојдени. Од Албанија сте дојдени. Од Србија сте дојдени. Вие дојдовте овде за подобар живот, за парче леб дојдовте. Македонија, со широки гради и срце ве прифати Македонија. И, вие овде подобро живееете, мора да знаете, од Македонците. Погледнете македонско село, погледнете албанско село. Ќе видите облакодери, високи куќи. Македонските куќи се изградени од плитари, од картони, од мукави, од ламарина се изградени. А вашите од бетони и увезени цигли и увезени плочки. Од каде тие пари, ве прашувам? Ќе ви кажам, затоа што не сте лојални на македонската нација. Не плаќате даноци, не плаќате струја. Тоа е причината. Затоа морате да ја кажете вистината. Ако се задоволни другите малцинства, зошто вие не сте задоволни?

И трето, треба да знаете дека малцинските права не произлегуваат од бројот на малцинствата. Вие можете да бидете и 99%, вие ќе бидете малцинство. (Реакции од место).

Да. Па, вие вака како што настапувате, недај Боже да станете повеќе од Македонскиот народ. Вие вода нема да ни дадете да се напиеме. Гледате сега какви проблеми имаме со вас. Ние сакаме соживот, сакаме да живееме со секого. Но немојте вака да се однесувате. Немојте да барате државата да ја делиме. Државата е неделива. Неделива е државата.

Проблемот е точно во овие советници кои не знаеле што сака, точно тие двајца. И потписничарите. Проблемот е кај нив. Не е кај вас. Вие барате за да добиете. Вас ве оправдувам. Барате нешто што не ви следува. Но, проблемот е тој што дава. Тој е проблемот што дава нешто туѓо, што не е нивно. Кога би било нивно, на татковци нивни, кога тие би спечалиле и би го купиле со нивни пари и да го дава сега, тогаш можно е. Значи, може да се даде, отстапи она што човек го купил со свои пари. Она што е наследено никој не смее да го предаде на друг. Тоа се чува со сите можни средства и начини. Никој нема право да отстапи од македонските интереси. Должни сте и вие како малцинство да ги штитите и браните македонските интереси. Тогаш ќе бидете лојални македонци. Благодарам.

(Повеќе пратеници бараат збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТЈАНОВСКИ:**

Господине Таири, ве молам, се држам на редот.

Беше на ред г. Карангелески. Вие сте по него. Сакам да бидам доследен.

(Пратеникот Мевљан Таири се упатува кон говорницата барајќи да добие збор за реплика).

Точно е. Прво г. Карангелески, па вие. И г. Карангелески беше спомнат.

Ве молам г. Таири после.

Има збор г. Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Благодарам г. потпретседателе.

Сакам само кратко да одговорам на репликата на г. Љутфии.

И сега и порано и во иднина ќе одговарам само на реплики доколку се однесуваат на аргументи. Она што значат етикети со некои фиоки, документи итн., воопшто не сакам да се спуштам на тоа ниво да одговарам.

Меѓутоа, сакам да порачам дека идејата за Референдумот и го почитувам г. Билал Љутфии, неговото мислење што го изнесе тука во врска со нашата иницијатива за референдум и прашањето што го поставивме, меѓутоа сепак би го замолил заради демократијата, нека остави и граѓаните на Република Македонија да ја проценат нашата идеја, односно иницијатива и граѓаните да се изјаснат за тоа прашање што ние го изнесовме во поглед на спасување на една ситуација со референдум за одредбата "Македонски народ" да остане во преамбулата и во нормативниот дел на Уставот.

Впрочем, од понатамошниот тек на настаните се виде дека таа наша иницијатива вроди со плод. Јас затоа му се заблагодарувам на г. Љутфии што ми даде можност да го објаснам тоа уште еднаш. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Би сакал да реплицирам на разбудениот, возбудениот г. Вангел Симев, заради тоа што изгледа многу се провоцира секогаш кога албанците било што кажуваат во ова Собрание. Вака ако продолжи, се надевам дека има здраво срце, да не се превозбуди, па да не се случи нешто овде во Собранието.

Во секој случај би сакал да реплицирам, пред се, со тезите што вие овде ги истакнувате, затоа што тоа мие е важно мене, а не начинот на кој што запенушено така се заканувате дури по малку, но тоа апсолутно не е ни толку важно.

Како прво, Македонија сакате токму вие да ја делите. Никогаш албанците не рекле дека сакаат да ја делат. Едноставно, албанците сакаат да бидат господари на тој свој дел во Република Македонија, како што никогаш ние не ви спориме дека вие сте господари на вашиот дел во кој што живеете во Република Македонија. (Реакции во салата).

Втора работа, токму така тој рече. Втора работа, албанците никогаш не влегуваат во доменот на правата на Македонскиот народ. Едноставно, само бараат рамноправен третман во оваа држава и тоа право не можете да ни го одземете да се бориме за нашите права. Апсолутно не за територии, апсолутно не за некои државотворни идеи, затоа што тие државнотворни идеи што не ги изнесувате наидуваат на реакција кај нас албанците и ние со такви противтези да излегуваме.

Инаку, државотворни во оваа држава се граѓаните на Република Македонија, според нас и никој друг нема право да им го одзема тоа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Следен пратеник што се јавува за реплика е г. Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Благодарам г. потпретседателе. Размислувам дали воопшто треба да реплицирам на излагањето на г. Таири, бидејќи ако е мислењето такво какво што го претстави во репликата и во следните неколку реплики, тогаш, на некој начин, мене лично ми одговори на прашањето што го поставив од говорницата, која е горната граница, најгорната граница што албанците во Македонија ќе се трудат да ја достигнат.

Имам јасен одговор. Мене ми е сосема јасно. Ако е таков ставот само негов, ќе ми биде полесно. Но, ако е на сите, тогаш е многу непријатно.

Инаку, што се однесува до мојата возбуденост, така беше кажано, доколку се спомене албанскиот народ, никогаш таква работа не сум изјавил, ниту сум против постоењето или терминот албански народ. Меѓутоа, во оваа држава и покрај тоа што изгледа толку конфузна и многу работи се апсурдни, до апсурдност се доведени, сепак дури во една вакква држава треба да се користат термини што се запишани во Уставот, во Законите на оваа држава. На тој начин се пичитува државата и на тој начин се покажува лојалнота. Желбите, амбициите се една работа, а реалната состојба е сосема друга работа.

Така што, сакам да демантирам. Напротив, имам голем број пријатели албанци. Мислам и понатаму да ги имам, ќе ги имам. Сакам да реплицирам и да се оградам од тоа дека ми пречи албанците во Македонија. Воопшто не. Ми пречи тоа што се случува со оваа држава, визави, единствено само измислениот проблем на албанците во Македонија. Благодарам.

(Збор за реплика бара пратеникот Мевљан Таири).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Бајрами Демуш.

Ве молам, се држам стриктно до редот, како е запишано.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Почитуван г. потпретседателе, почитувани колеги пратеници, во последно време се создава едно чувство, тоа чувство се има дека понекогаш фактите не се факти и тие се обезвреднуваат со некои уцени. Но, ова не се факти непознати од нашата историја, од историјата на граѓаните кои живеат во Република Македонија. Ова се работи со кои треба повеќе да се занимаваат институциите, односно историчарите во оваа земја и за Симев и сличните на него да ги научат, да ги прочитаат тие лекции, за да можат да се изјаснат пред оваа јавност на Република Македонија за да можат да го исполнат тоа што е вистинско, тоа што е историско, тоа што е добро напишано и наведено низ разните периоди од опстојувањето на оваа држава.

Имаме Крушевска Република, имаме Крушевски Манифест, имаме АСНОМ. За жал местото се уште е вон овие граници на кои се осмелува да се повикува, по некогаш и самиот Симев кој не знае од каде е дојден, а јас сметам дека и не знам што е.

Но, за мене лично Симев стана многу интересен откако почна да се бави со хумор. Повеќе коментар за оваа работа немаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Благодарам г. потпретседателе.

Само сакам да разјаснам една теза, всушност се две.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добивте збор за реплика, оставете ги тезите.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Да, да, на дискусијата на г. Мевљан Таири.

Дека "оставете не ние, на таа територија, вие на таа територија". Интенцијата на сите, не зборувам сега само во името на својата партија, ориентација треба да биде интегрирањето на сите граѓани во Република Македонија. Вакво едно настапување, еден вординг каде што се кажува - наша територија, ваша територија, оставете не итн., за мене е крајно неприфатлива.

Втората теза што вели - па нас не има повеќе - не беше од г. Мевљан Таири беше од г. Сејфедин Харуни, дека не можат тие што се примерно пар илјади да имаат исти права како што сме ние 400 - 500, колку сметаат илјади граѓани од албанска националност во Република Македонија.

Господин Харуни, секој граѓанин во Република Македонија треба да ги има сите права, еднакво и према оние права што ги имаат и Македонците со милионипол и према сите други националности. Таа теза еднаш треба да се заборави, да заборавиме на гетоизација. Сите решенија, токму и нашата борба и сега и секогаш била, да биде во правец на интеграција на сите граѓани во општеството, а не гетоизација. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор за реплика има г. Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

По однос на спомнувањето на некакви граници и територии, јас таков израз не употребив. Едноставно кажав дека сакаме да бидеме господари на своето. Под господари на своето апсолутно не мислам на некоја територија што сакам да ја загосподарам јас и да бидам господар на тоа. Едноставно сакам да бидам господар во мојот дом, сакам да бидам господар и да го владеам својот јазик, да учам на својот јазик, да имам можност да ја афирмирам својата култура и сите тие работи.

Апсолутно, не знам уште колку пати треба да кажеме дека ние не сме заинтересирани да ја делиме оваа држава. И по однос на тоа што г. Пранговски го кажа јас не забелажав дека тој реплицираше на нешто што јас го кажав. Едноставно тоа е факт, тоа е вистина. Ние сме дел на еден народ кој живее во Република Македонија. Ги имаме сите карактеристики на еден народ кој треба да опстои во било кои граници. Ја имаме волјата да се избориме за тие права и мислам дека траба и вие да го почитувате тоа и да го прифатите како факт.

Повторувам, апсолутно никогаш тоа истакнување на нашето барање против волјата на Македонскиот народ да ги уживаат сите свои права што им следуваат, што природата им ги дала и самиот Господ. Но, апсолутно нема да прифатиме, пак тоа ќе го повторам, било каков понижувачки статус за нас албанците.

Да се вратам на г. Вангел Симев, се прашува, многу е изненаден, од каде им се парите на албанците. Најверојатно алудирајќи дека албанците се бават со разни криминални дејанија и од тоа ги имаат парите. Само да му кажам на г. Вангел Симев неколку факти по однос на положбата на албанците во оваа држава. Нека се земе статистиката и нека се погледне во државната администрација и во дотогашните државни фирми колку проценти има македонци и колку проценти албанци. Едноставно, албанцита биле маргинализирани од секое учество, или нивното учество било симболично во општествениот и економскиот живот.

Поради тоа тие истите биле принудени да бараат леб во печалбарството. И, откако се смениja условите, тука веќе нема леб преку погача од државната и работата во администрацијата, сега се разбира дека албанците, со тие тешко спечалени пари во печалбарството, градат куќи, се разбира и работат и можеби помалку ја чувствуваат и самата криза, за разлика од албанците кои живеат во градските средини, во овие рурални населби каде што и те како се чувствува тоа. Во секој случај, впечатокот што се добива дека албанците се поимотни е токму од албанците кои носат пари во оваа држава од странство. Верувам дека многу придонесуваат да може оваа држава да опстои. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавија прво Вангел Симев па Сејфедин Харуни.

Г-да од овој момент натаму доста ви е расправање.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани пратеници, не мислев да се јавувам за дискусија, но по втор пат кога мене ми се кажува конкретно од Г. Демуш Бајрами прашува каде сум роден. Г. Демуш не е важно каде сум роден, јас живеам во Македонија.

(Од место го прашуваат каде си дојден).

Ќе ви кажам, јас сум дојден од Егејскиот дел на Македонија с. Буф, ако сте слушнале, тоа е блиску Лерин. Сега може да знаете подобро. Само едно треба да знаете дека јас сум Македонец и се чувствувам Македонец и се гордеам што сум Македонец. Вие не се чувствувате македонци, во тоа е проблемот кај вас.

Проблемот е кај вас не е кај мене. Знам дека не помислувате, тоа е тоа што не помислувате да бидете македонци, во тоа е најголемиот проблем, а треба да помислувате и така можеме да живееме заедно, само ако помислуваме сите. Јас живеам со сите, сакам и вие да живеете со нас. Вие јавно кажувате дека не сакате да живеете со македонците, не нарекувате славомакедонци.

Понатаму за Мевљан Таири, тој го потврди тоа што јас го кажав, само колку да ги потсетам пратениците и оние што слушаат дека ме потврдил. Прво кажа дека не сака да ја дели Македонија, дека сака да живее во Македонија, а веднаш втората реченица не можеше да го скрие она што го чувствува и нагласи дека сака да биде господар, да раководат таму каде што живеат. Па, Г. Таири неможе Македонија да ја делиме, Македонија е едно цело. Како да ја делиме Македонија. Феудализам ли ќе правиме. Ви ќе живеете овде ќе господарите, ние овде и ќе си ја делиме државата. Каде го има тоа?

Видете, ние сме граѓанска држава и ќе ги почитуваме граѓанските права, а тие се еднакви за сите. Вие немате поголеми права од Власите, Власите се многу лојални на Македонија. Во голема мера придоенсуваат и се вклопуваат во интеграцијата на Македонската држава. Немам јас повеќе права од вас, дојдете ќе ви ја донесам сметката за струја ќе видите колку плаќам јас, а и вие да ја донесете. Јас редовно ја плаќам. Јас плаќам 15.000 ден. за струја, а прашање е дали вие плаќате.

Понатаму јас немам ништо против Албанците кои работат во странство. Мило ми е што работат и печалат, туку оние кои тука работат, ако јас со мојата плата и мојата сопруга неможеме да направиме една ограда на куќата, а бидете сигурен дека од вас имам поголема плата, а да споредиме колку вие имате капитал а колку јас, вашиот капитал е сигурно 100 пати поголем од мојот. Сигурно дека 100 пати немате повеќе придонесено во Македонија. Во тоа е проблемот. Од каде парите, мора сите да бидеме лојални и давачките да ги даваме сите кон државата. Тогаш сите ќе се интегрираме. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На ред е Сејфедин Харуни, а ви кажувам како се пријавувате така ве запишувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г. пратеници Вангел Симев имаше дискусија и тука се занесе малку, јас нема да му замерам бидејќи е по струка гимнастичар, но не сакав тој во таа струка да прави гимнастика со умот и да навлегува во сфери кои не му се својствени и не му се познати.

Г. Симев еден податок. Забележи го за да го потврдиш бидејќи повторно ќе се јавуваш така бос, а несакам така бос да излегуваш на говорницата.

Ален Калапе од италијанскиот превод го има напишано патеписецот Петар Масарак. Погрешно го има преведено, се работи за католички бискуп од Тивар кој во 1634 год, како патеписец што ги обиколил црковните општини во тоа време наишол на Кратово од каде е Г. Ѕинго и забележал дека во 40 домаќинства во Кратово во 1634 год, биле регистрирани како православни Албанци во тоа место. Сите црковни обреди во таа општина се изведувале на албански јазик. Тој податок го има искористено професорот Александар Матковски, запиши го и ова, во неговото дело Балканот во делата на странските патеписци страница 352 издавачка куќа "Култура" - Скопје 1992 година. Такви црковни општини со населени албанци во тоа време, во тој период ги имаше и во Кочани, ги имаш и во Штип, ги имаш и во Кавадарци, ги имаш во Неготино-Вардар, да не станува збор за Куманово, Скопје, Велес, Прилеп, Крушево, Битола, Ресен , Охрид, Дебар, Струга, Гостивар, Тетово и центарот во Скопје.

Ако не ти е тешко исто така забележи го и читај го Александар Слипчевиќ кој на едно место вака рекол. "Секое ископување на Балканот, ако треба да се истражи и да се каже вистината на сите тие истраги и историски знаменитости и култури, неможат да се дешифрираат ако не го познаваш албанскиот јазик, ако не го знаеш илирискиот јазик што претците на албанците го употребувале". Јас жалам што вие правите гимнастика со умот и во тој дел , не. сум во можност тој баласт да ти го одземам, да ти го избришам, бидејќи е одвишен на албанофоб, единствено по пат на киретажа да се ослободиш од тоа, инаку нема лек од тоа, така ќе си го скршиш вратот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, за реплика се јави Г. Љутвии.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Г. претседателе, не сум убеден дека Г. Симев заслужува реплика, но морам некои работи да истакнам.

Прво, што однесува до лојалноста, тоа е еден проблем што сите треба да го анализираме. На мислење сум дека повеќе од сите националности албанецот бил и е лојален кон државата. Само еден пример во едно чисто албанско село повеќе од 6000 жители се случува во март оваа година влегува полицијата да руши се и сешто, да приведува млади албанци и сите припадници на МВР здрави и прави се враќаат во полициските станици. Тоа се случи во с. Нераште - Тетовско односно општина Теарце, тоа се случи во с. Порој, општина Џепчиште, во с. Шемшево. Таа лојалност не е од сега. Ова треба научниците, а ние овде да се занимаваме за причините зошто граѓаните не се лојални сега.

Што се однесува до данокот, што го изнесе Г. Симев, повеќе од смешно, на почетокот реков ненавредувачки дека тој незаслужува, но сигурно тој речник, тој рецепт го има уште од времето кога дошол од таму од каде дошол од Пиринскиот дел дека по тој рецепт во секој случај ако сакаш да им се спротивставиш на албанците треба да им кажеш дека не плаќаат данок оти тој

не сака со факти, а тие може да ги најде во разни статистики колку албанците плаќаат данок.

Што се однесува до парите беше речено од печалбарите, а сигурно сето тоа што го граделе албанците повеќе од 90% и повеќе се на печалба, само еден пример ќе наведам. Годинава малку или воопшто не работеше аеродромот во Скопје, бидејќи заради ситуацијата односно борбата нашите луѓе кои работат во странство не дојдоа на одмор. Еден аргумент за Г. Симев колку придонесуваат албанците воопшто за економијата односно со тие пари кои ги печалат на запад и секаде во светот сигурно купуваат градежен материјал не во Данска или Германија туку во нашите фабрики каде работат нашите луѓе и на крај би го прашал, до колку си толку голем Македонец зошто не се боревте за Македонските права во Пиринскиот дел од Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Гошев има збор; односно реплика после Г. Демуш Бајрами а по него е Г. Таири. Јас го наследив листот и така ќе биде.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Репликите се одвиваа без спомнување и без ограничување. Денеска имавме таков стил на работа (претседателот го опоменува дека репликите се само пет минути). До сега имавме таков стил, така беше сега јас нема да зборувам неограничено, а незнам колку ќе кажам.

Би требало да се разбереме во врска со централното прашање кое ја создава кризата, ни ја создава оваа кавга, ни ја создаде војната и ни ја продолжува кризата и може да ни ја продолжи војната, се разбира, тоа е прашањето на таа дефиниција на државата дали е држава на два народи, дали е држава на повеќе народи, дали е држава на сите граѓани на РМ и поврзано со тоа, се разбира, прашањето на преамбулата што ја предизвика оваа кавга и што се најдоа сите погодени да реплицираат и да кажат нешто во врска со тоа, па морам да кажам дека и јас апсолутно не се согласувам со најголемиот број дискусии што се случија ова попладне во Собранието на РМ и да кажам дека на тој начин кризата во Македонија ќе продолжи и нашата неодговорност секојдневно како парламент ќе се зголемува се разбира со последиците врз целокупниот народ, не врз членовите на овој Парламент.

Јас сакам да кажам недвосмислено дека Македонија неможе да биде држава на два народи. Неможе да се дефинира како држава на два народи не затоа што некој сака друг несака. Има такви што сакаат и што несакаат, има некој што тоа за инает го зборуваат, некои затоа што незнаат што последици има од тоа, затоа што незнаат дали е можно или не е можно, јас велам дека Македонија неможе да биде дефинирана како држава на два народи затоа што неможе да се дефнира така, бидејќи така неможе да зборуваме за РМ, неможе да зборуваме за една држава, таквата држава штом ќе ја дефинираме така ако ја дефинираме, а нема веројатно да ја дефинираме, ќе се распадне. Дали тоа знае некој или незнае, да и некому му е инфилтрирано нешто за што не е свесен за тоа г-да, Македонија ќе се распадне ако така се дефинира. Значи, неможе да се дефинира така, за тие што сакаат да остане Македонија се разбира. Македонија може да биде само држава на сите граѓани на РМ во нивното индивидуално својство и никако поинаку. Денеска слушам дека не се прифаќа од ПДП квалификацијата за албанците во РМ дел од Македонскиот народ. Тоа значи дека ПДП и некои други велат дека албанците во Македонија не се дел од албанскиот народ во неговиот целокупен етност. Тоа тоа значи и ништо друго и неможе никако поинаку да се толкува.

Добро, колеги албанци еве ќе ве прашам, што се албанците во РМ? Со наједноставна семантичка и највулгарна, најпроста семантичка логика, дали се албанците во Македонија целиот албански народ што живее на Балканот и во светот, еве денеска Мевљан зборуваше и пошироко. Во услови кога една држава на албанците е конституирана со мнозинскиот дел од вкупниот албански народ што се нарекува Албанија. Тогаш што се дел од албанци што живеат во Македонија? Можат да бидат албански народ? Тоа се дел од албанскиот народ. Сега ние не сакаме целокупниот албански етнос, дали можеме да кажеме дека целиот албански народ живее во РМ? Што е тогаш со албанците на Косово, што е со албанците во Албанија, што е со албанците и на други подрачја, на Балканот и тн.

Зошто сакаме да ја искривуваме стварноста и од искривена стварност да произведуваме проблеми од кои нема никогаш да се отплеткаме и ќе тонеме во вкупна мизерија. Значи, наједноставна, најгруба семантика зборува дека албанците во РМ неможе, ако се држиме до стварноста, никако поинаку да се дефинираат освен како малцинство поголемо или помало, но бидејќи ние бегаме од тие термини не сакаме да асоцираат априорни дискриминации и тн. неможе поинаку ако тој термин се замени со некој друг да се дефинира освен како дел од албанскиот етност. Неможе поинаку и тоа е навистина стварноста. Сите други именувања се фалсификат на стварноста. Незнам зошто некој сака да ја фалсификува стварноста во РМ, стварноста овде на Балканот, стварноста и пошироко. Меѓутоа, прашањето е, се разбира, познато и одговор зошто е тоа така, за некои е јасно за некои албанци е тоа јасно, за многу албанци во Македонија тоа не е јасно, за многу македонци е исто така јасно, незнам дали некому не му е јасно. Но, зошто, повторувам, се сака вакво дефинирање односно зошто не се сака вакво дефинирање, малцинство или дел од албанскиот народ.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Да се брани тезата дека целиот албански народ територијално, не духовно, територијално е неделив, дека некој некогаш го поделил така вештачки, дека сега е дојдено време да се соедини и да се обедини. Затоа се турка таа теза. Таа не е присутна во главите на секој албанец со таквото толкување, но таа е присутна во некои креатори на војната, во некои рицари на војната. Всушност сега е дојдено времето да се избришат границите што ги делат деловите на албанскиот народ, бидејќи тој мора да живее во една држава, како што сакаше еден Вошт да живеат други во една држава. Тој не е никаде малцинство, не е никаде дел од народот купен, туку е севкупен, конститутивен дел. И тој е заради тоа народ кој што конституирал не една држава, туку конституирал најмалку три, или четири држави овде на Балканот и затоа се турка таа теза. Таа теза искрено да ви кажам нема да им донесе ни на албанците среќа и на никој овде на Балканот, иако јас не сакам да бидам адвокат, се разбира што е среќа за албанците, што е несреќа, секој треба да си мисли сам за себе. Господа, ако е така, ако така се дефинира позицијата на албанците во Република Македонија како колективитет, тогаш тие што тоа го зборуваат, но свесни за ова значење, а јас повторувам, едни се свесни, други не се свесни, тогаш навистина е лицемерно да зборуваме за унитарен карактер на Република Македонија, запишан и во овој Охридски договор како генерална определба поддржана од меѓународната заедница. Да не зборуваме дека го почитуваме територијалниот интегритет на Република Македонија, бидејки со таа теза некој може да знае, некој да не знае, не се почитува територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Таа теза албански народ значи дека мора меѓу Република Македонија од една страна и Косово и Албанија од друга страна или Косово, или Македонија од друга страна нема граници бидејки албанците на Балканот не се никаде во малцинство, не се дел никаде од целиот албански народ, туку се еден интегративен дел кој што територијално едноставно мора да живее заедно. Тоа е вистината и тоа треба да го знаат и сите албанци. Ако сакаат албанските лидери ова да им го објаснете на сите албанци и ако ги убедат сите албанци дека така треба да се изменат границите, тогаш нека ги добиваат поддршките, но се разбира има некои други што тоа нема да сакаат да го сторат. Според тоа, ако оваа теза се брани така до крај и ако се разголи, тогаш значи дека со таа теза не се прифаќаат постојните граници на Балканот. Со таа теза се бара ревизија на тие граници. Бидејќи ревизијата на тие граници не зависи само од волјата на еден субјект кој што живее, тоа значи дека таа теза е конфликтна теза, таа теза води во војна. Ова најискрено ви го говорам, ниту мразам албанци, ниту мразам македонци, ниту мразам турци, не мразам никого и не сум ни трошка ксенофобичен. Таа теза значи не смее да дојде за договор во Македонија, туку таа теза всушност значи обид за договор за делба на Македонија, а знаете дека договор за делба на Македонија не може да има, затоа што секој договор треба да биде потпишан најмалку од две страни. Такви две страни нема и не ќе се случат тие две страни и тоа треба што побрзо да го сватиме. И додека ние тоа не успеваме да го сватиме, додека ја пишуваме оваа преамбула со месеци овде господо, додека трае оваа бламажа на овој Парламент што ни се случува без претензија да кажам само неколку факти како производ на оваа криза. Направивме како производ на оваа криза и се разбира уште на некои неодговорности 22 милијарди дефицит во Буџетот за оваа година досега калкулирани и направивме или ќе направиме предвидени според договорите досега со ММФ 18 милијарди денари дефицит за идната година во Буџетот. Тоа преведено во марки, бидејќи марките ви се поблиску на сите за разлика од денарите, изнесува некаде околу една милијарда и триста милиони германски марки дефицит за овие две години во Буџетот како производ на ова лудило што се случува овде, неспособност да излеземе од оваа криза.

Оваа состојба што ја произведовме, што се произведе, или што некој ја произведе значи дека загубивме 10% најмалку од бруто општествениот производ. 4% ни се намалува годинашниот, ланскиот и 6% неостварен од оној од лани, значи 10%. А тоа значи ништо помалку од 300 милиони долари, околу 600 милиони германски марки по тој основ. Тоа значи исто така 300 милиони германски марки, или најмалку 150 милиони долари загубени со тоа што ни откажува ММФ, Светската банка и другите, бидејќи пропадна договорот со нив и сега само ќе не набљудуваат, нема да ни даваат поддршка во тоа. Тоа значи незнам колку изгубени инвестиции за овој период, бидејќи тоа не може да се измери егзактно. Тоа значи незнам колкава вредност на срушени куќи, имоти и тн. И тоа значи незнам колку иселени македонци, албанци кои што во себе, или јавно ќе опцујат и ќе речат: "овие пишувачи на преамбулата нека одат таму и таму, јас да го фатам светот да барам леб, бидејќи овие не ни овозможуваат леб и живот". Тоа значат сите овие расправи овде со фалсификување на фактите, со барање на неможни работи, со барање само на сопствениот интерес и се разбира зборувајќи во име на компромисот, демократијата, човековите права и тн. Значи тоа апсолутно не е така.

Уште оваа сугестија, да размислите и за овие прашања. Еднаш зборував за тоа и ќе видиме уште еднаш, евентуално ако продолжат ваквите работи при конечното гласање ќе ви кажам уште што мислам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега има пријавено двајца за реплика, но само по 5 минути.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Се јавувам по втор пат само заради една причина која ме натера истото да го направам. Иако гледам дека од мојата лева страна почитуваниот колега кој најверојатно пак ќе реплицира, подготвува една новокомпонирана историја според дневно политичкиот терк и како таква мислам со неа сака на овој театар што го создадовме денеска, кој помалку, кој повеќе да делува на тој начин што уште еднаш дневно политички да профитира. Јас сакам да му се заблагодарам на колегата Симев поради фактот што тој ми помогна во расплетот, односно во тезата што јас ја изнесов всушност контра тезата во врска со тоа што тој го искажа дека албанците се наводно "дојдени во оваа држава". Дојденецот го видовме кој е, тој самиот од оваа говорница се изјасни дека е дојден од таму од каде што е дојден. За мене тоа не претставува никаква пречка. Јас нема да го почуствувам, или да му кажам дека тој е припадник на малцинство, бидејќи е дојден од некој си друг дел, друг крај и друга држава.

Втората работа е во тоа што колегата асимилацијата сака да ја порамни со лојалноста. Сите ние знаеме дека лојалноста и не значи асимилација. Токму тоа се бара од страна на господинот Симев и токму како поткрепа на тој факт беа спомнати власите кои покрај македонците и албанциите играа една важна улога во времето на Крушевската Република и во создавањето на оваа држава која до ден денес се вика Република Македонија. Значи власите кои тогаш како што знаеме ја имале таа улога денеска властите дај да ги видиме заедно во чија улога се и дали тука воопшто има место да се зборува за некоја си позитивна дисктиминација. Нема, господо пратеници, ова јавноста го знае. Ако лојалноста се мисли на тоа дека и албанците па и другите народи во Република Македонија кои овозможија до ден денеска за создвање и беа главни креатори на оваа држава, да се чуствуваат лојални и тогаш кога немаат училишта и тогаш кога не се дозволува да се зборува на нивен мајчин јазик и тогаш кога симболите не се дозволува да се употребуваат, или пак истите ако на некој или друг начин со помошта на некој си дневно политички закон се донесуваат за да се употребуваат, истиот ден да доживееме како граѓани на оваа држава едно зло нанесено токму од тие што придонесоа "за слободно изразување и уживање на тие права". Лојалноста се бара и тогаш кога и тие квоти предвидени за албанците се употребуваат, односно се злоупотребуваат од страна на мнозинската заедница, да ја промовирам сега веќе уште недонесениот, или недонесените амандмански измени. И тоа се случувало во минатото. Значи, се тоа што некој сака со диктат, некој сака да се става во една привилегирана позиција кон другиот, треба и тогаш да се смета лојалноста. Е тогаш нема ни правна држава ни граганска држава. Затоа албанците па и сите други кои се залагаат за повеќе права, за рамноправни права, тие се залагаат за демократија во оваа држава која сакаат да опстојува, но како држава на сите рамноправни граѓани. И мислам дека како таква сме на пат да правиме една држава која на сите ќе ни биде држава и сите ќе ја почуствуваме таа држава.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Би сакал само на кратко, само со една реченица да упатам едно прашање до господинот Вангел Симев, затоа што тој спомна дека последната сметка што ја платил за струја му била во висина од 15.000 денари. Јас ги консултирав од околу колегите и колку што разбрав ниеден од нив не платил месечно поголема сума од 3.000 денари. Па најверојатно тој или не ги плаќа сметките по седум, осум месеци или пак најверојатно има некој таен погон кој што му работи во домот и најверојатно му се собира таква сметка за струја. Инаку не гледам логична можност за еден месец во овие топли месеци да се плаќаат 15.000 денари за струја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи ова се однесува на приватни сметки на господинот Симев, не е во дневниот ред, не мора да одговори. Еве го ослободуваме. А за другите нека одговори.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници ќе кажам и за струјата. Само не ме свати господинот јас во зимските месеци толку плаќам, не во летните. Тоа е разликата што јас редовно си ја плаќам струјата и никогаш не доцнам. Јас сум лојален, а не мислам ништо да работам ниту со фабрики, туку јас сум интелектуалец и не мислам да се занимавам со друга дејност освен со интелектуалната. А бидејќи господинот Харуни спомна дека некоја си гимнастика, да го потсетам дека не предавам гимнастика туку фудбал, дека спортот, дека физичката култура треба да знаете господине Харуни отсега треба да се занимавате со физичка култура, е во висока корелација со умствените способности. Тоа ако не го знаевте, треба да го знаете. Можеби умствените способности ќе ги подигнете на повисоко ниво и тоа е веќе докажано. Ако ви треба, ќе ви донесам литература, бидејќи јас работам со литература и со аргументи ќе ве цитирам за вашите невистини. Пред малку спомнавте дека во Кратово имало албанци. Точно, оваа книга незнам дали камерата ќе успее да ја зумира "Македонија во делата на странските патописци", цитиравте страна 352, нема вистина ништо од тоа што кажавте. Лажете. Јас ќе ви ја кажам вистината. Можете да ја земете книгата и да се послужите. Прво, да ви кажам за Крушевскиот манифест. Крушевскиот манифест е напишан 1922 од Никола Киров Мајски, запамтете добро, од Никола Киров Мајски, а објавен е за драмата "Илинден" во 1923 година по порачка од бугарската идеологија. Затоа е напишана во Крушевскиот манифест дека и албанците војувале. Албанците никогаш не војувале против турците. Тие биле сојузници и се бореле против

македонските државни интереси и затоа пљачкале и соработувале. Тоа можете да го прочитате секаде. Тоа се однесува за Крушевскиот манифест, можете да прочитате.

Спомнавте исто така во Кратово. Во Кратово, точно, бидејќи било рударско место работеле од цела Европа работници. Албанците работеле дури и службеници како вазали работеле на Турците  за да работат против македонските интереси, пак против македонските интерси. Точно, и се нуделе, тоа е точно. За тоа можете да проверите и да прочитате секаде.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (Продолжение)

Кажав за струјата. Го спомнавте јазикот, дека албанскиот јазик ако сака некој, не се сеќавам само кој го цитиравте, не е битен авторот, се извинувам што авторот не го запишав, туку погрешни информации или намерно свесно погрешно сакате да ја информирате албанската јавност и македонската, сигурно, тие што не ја знаат, дека албанскиот јазик на балканот, секаде на целиот Балкан, треба да се знае, ако се копне нешто, да може да се преучи. не, г-дине Харуни, внимавајте добро што ќе ви кажам, погледнете. Тоа е македонскиот јазик, илирскиот јазик. Илирскиот јазик не е албански јазик, тоа е македонско-српски јазик, но пред се е македонски јазик. Значи, ако сакате ископини на Балканот, треба да се знае македонскито јазик и со ова завршувам. Ако читате повеќе, тогаш ќе знаете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам оваа тема на друг начин да биде обработена, а не овде во Собранието.

Дали може така? (Може).

Сега, за збор се јави г-динот Чедо Петров.

Тој учествува во расправа. Не е тука.

Г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, се надевам дека сега почнува една друга епизода на сериозно однесување кон тоа што треба денеска ние да дискутираме, затоа што очигледно е, почитувани колеги, дека во одредени ставови се разликуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако е можно, консултациите нека се обавуваат надвор од салата и ве молам за тишина.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Мораме да се согласиме, почитувани колеги, дека рејтингот на Парламентот односно на Собранието е таков што, колку и да се потрудиме ние поединечно да направиме нешто пвоеќе, сепак, ништо не добиваме од тоа, затоа што оценките, проценките кажуваат дека, за жал, низ сето ова што поминуваме, Собранието ни е такво какво што ни а и како се изјаснуваат граѓаните низ разни анкети.

Ние денеска пред нас имаме една експрес преамбула поднесена пред Уставната комисија и тука во Собранието односно на самата седница. Морам да ви кажам дека правниците, пред се, дали се колеги, дали се од надвор како стручњаци во овој случај мора да котираат слабо, затоа што, сепак, ни донесоа, како што реков, експрес преамбула во која како содржина и како ниво на самото пишување, не одговара на тоа што би требало да остане како текст и понатаму. Тоа уште повеќе не наведува мојата партија и мене кон тоа што значи да се држиме во тоа што беше принципиелно, кон тоа што беше спогодба Охридска, Рамковниот договор, а сите тие што се непринципиелни во овој случај немаат право, апсолутно немаат право да роварат дури и во пратеничката група на ПДП или на партијата на ПДП само затоа што бевме и остануваме принципиелни кон тоа што беше Рамковен договор. Во овој случај истото важи. Тоа храбро ќе го кажам дури и за Меѓународната заедница. Веќе тоа што е принцип имаме кршење односно одалечување од принципите што беа изградени во еден текст на еден Рамковен договор, каде што беа ставени потписите на првите лидери, на првиот човек на државата, претседателот и на меѓународната односно претставниците на Меѓународната заедница. Па, затоа немојте да се обидувате таа вина да ја барате односно некој да ја бара во тоа што значи ПДП.

Исто така, мораме да се сложиме со нешто што навистина е горлчливо, жалосно, но треба да признаваме, ние во еден дел на државата во Република Македонија имавме војна. Едно време сакавме да кажеме конфликт, па контролиран, не контролиран во едно село, во две села, но едно е сигурно дека имавме војна. Имавме луѓе кои водеа војна и имавме луѓе во исто време паралелно кои разговараа, преговараа и тоа со денови, месеци, вклучувајки се што е потенцијал политички и интелектуален и се што значи Меѓународна заедница. Да, војната е лоша работа. Војната донесува, создава трагедии. Во војна се убива, има убиени, има ранети, има раселени, има рушења, има малтретирања, има расплачени мајки, родители ожалостени кај сите, не само кај македонците, не само кај албанците. Но, тоа е, од војната само тоа може да се добие. Се труделе луѓе во нивната мисла и тоа големи луѓе да бараат земја, држава, полуостров каде што нема гробишта. Само да ве потсетам Гордон Бајрон поминал Пиринеи и Апенини и Балкан, видел дека нема земја без гробишта. За жал, тој век животен на еден човек, тешко поминува без некоја војна. Кој ги создава, зошто ги создава, прашањето секогаш останува без и со одговор.

Јас се прашувам можеше ли поинаку, почитувани мои колеги! Можеше ли и без војна нешто да се направи повеќе за овие години, за овие месеци и т.н. Верувајте ми дека сеуште победува мислата кај мене дека можеше. Меѓутоа, прашањето од секогаш е, дали ние имавме доволно луѓе на чело на оваа држава и на овие институции каде што можеа да ми ја потврдат оваа теза дека можеше и поинаку. За жал, ги немавме. Прашањето и понатаму се поставува, зошто избувна војна. Зошто имаше и конфликт, кој после веќе го, без никаква резерва односно точно го нарековме војна. Затоа што, мислам дека и по моја оценка и на луѓе кои сакаа да ги гледаат работите, како сакате, или умерено, или аналитички или полека без нервоза, мораме да констатираме дека за овие последни години ние имаме најлоша можна власт и најможно лошо владеење на Република Македонија. Зошто се фатија за пушка млади луѓе? Верувајте ми, јас не кријам, дури сум посетил и семејства кои изгубиле нивни чеда во оваа војна. Тие млади луѓе 90% не прашале родители дали да фатат пушка. Затоа што, едноставно дошле до заклучок дека мора некако да им се даде до знаење на оваа власт и на вакво владеење дека мора да се седне за унапредување на правата на дел од граѓаните во Република Македонија. Ова е одговорот, сакале ние или не сакале. Ние можеме да ги искривуваме тезите, а ги искривуваме тезите или кога не сакаме да гледаме во вистината или кога еднострано ги добиваме информациите од одредени медиуми на македонски јазик, а македонските пратеници односно пратеници од македонскиот народ, имаат хендикеп што не можат гледаат и да слушаат информации и од друг јазик, во овој случај на албански или на некој друг јазик. Политичкиот резон се гради врз основа на еднострани инфорамции.

Ни се случи Танушевци, Липково, Тетово, Арачиново, Радуша, Битола, Прилеп, Љуботен, пак прашувам, можеше ли поинаку. Затоа што, и претседателот на државата знае дека можеше поинаку. Дури едно време беше спремен и поинаку да ги решава проблемите, но човекот, неговиот авторитет не можеше да го исцрпува од внатре, од неговата партија или од граѓаните. Единствениот авторитет што можеше да го исцрпи, му беше од Меѓународната заедница. И, да постапуваше на еден друг можен начин, можеби не ќе имавме таква трагедија, што јас наброив со примери и примери.

Сега прашувам, веројатно, некој треба да одговори. Дали заврши војната? Дали вие сте сведоци и гледате веќе денеска и секој ден кога ја почнуваме седницата нема некоја сигурност кај нас дека заврши војната. Кој треба да констатира дека војната заврши. Војната требаше да заврши и тоа во време кога во самиот Рамковен договор пишува дека за 45 дена требаше да помине тој Рамковен договор тука, а ние денеска после месец и нешто, сеуште расправаме и не сме поминале во третата фаза ниеден амандман. Значи, каде треба да се бара вината сега? Треба да се бара кај нас. Дали сме пратеници, дали првиот човек на Собранието, дали првиот човек на државата, дали првите луѓе на релевантните институции, мислам релевантни кога би биле вистински демократски институции со сиот тој рејтинг што треба да го имаат.

Ни се случува нешто друго. И понатаму како што се опструира, како што продолжува неизвесноста, апсења, малтретирања, киднапирање, револт, и сето тоа создава атмосфера, создава констатација да заклучи и денес човек, кој е човек, дека војната по се изгледа не заврши.

Кажуваат статистиките, кажуваат податоците, морам во овој случај да споредам и со 50 поминати години пред тоа и овие 3, 4 години дека никогаш не се случило во процедура, полициска, судска, како сакате и тоа многу со методи, кои јас понекогаш ги нарекувам и ги кажувам методи со елементи на садизам не поминале младите албанци низ овие процедури. Никогаш тоа не се случувало. И, веќе кога имаш ваква ситуација, како ќе создаваш атмосфера, како ќе создаваш политички амбиент, за да може да се рече, еве под некои импресии сум можеби од вчера, бев гостин на една невладина организација "Потрага по нешто заедничко". Ние, сеуште имаме анархија, сеуште имаме премногу квази патриоти, премногу си играме со нервите на луѓето, на обичниот граѓанин, веќе гледате на праг ни се појавува една нова војна, социјалните немири ни почнаа, гледаме дека имаме ситуација каде што тешко после можеме да окривуваме едни и други врз национална база, ќе се најдеме во ситуација каде што...

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Како и да е, почитувани мои колеги, ние немаме право понекогаш и многу да се повикуваме на народ, граѓани и тн., затоа што ги доведовме во една ситуација до едно дереџе, што навистина треба пред се, еве јас тука влегувам, да се срамиме што ги претставуваме понекогаш, затоа што им нудиме брзи решенија, такви решенија кои навистина не држат. Јас морам да кажам, иако г-динот Фрчковски не е тука, меѓутоа, ако учествувал во подготвувањето на тој текст на таа преамбула кога беше г-динот Солана, верувајте ми дека тој многу побрз пишувал текст на преамбула отколку некоја колумна со полнв иронија Што ги читам. Колумни може да се пишуваат секоја недела, преамбула не може да се пишува секоја недела, секои десет дена. Дали вие гледате и дали сте сведоци дека, како што спомна и мојот колега г-динот Билали, дека мнозинството на пратеници албанци не го прифаќа овој текст на преамбула, односно не ги прифаќа измените кои се правени после тоа што е рамковен договор со сите тие релевантни

потписи. Јас слушам, иако не сакам да одговорам на такви јавувања од место, меѓутоа, тука се работи за принципи. Беше изграден еден принцип за кој потпишаа нашите лидери, нашите релевантни партии, и сега ако притисокот со начинот како што го гледавме и го видовме овој месец, опструкции од типот ке има сеници, една третина, две третини, оружје собрано итн., ако се доведовме во ситуација, Солана, Робертсон и други да дојдат по десет пати, тоа значи дека и ние како ПДП имаме право да дојде сега пак Солана, да седнеме и да разговараме за да можете вие тоа да го сватите дека сепак ако спласне некоја фрустрација во дел од државата односно граѓаните кои се македонци, а од друг страна пак се појавува незадоволство, исто така, на дел од граѓаните, во овој случај албанци, кои не се задоволни, тогаш веќе остануваме во тие разлики, остануваме во една ситуација каде што мораме да се држиме за наши ставови односно наши определби.

И што можам конкретно, јавно да кажам?

Ги повикувам лидерите на релевантните политички партии, јавно го повикувам и г-динот Џафери, заедно со другите лидери и претседателот на државата и тие што работеа веќе, ако влегоа во такви разговори, да седнат, затоа што ова што се нуди очигледно е дека не се прифаќа од еден дел на пратеници кој јас мислам дека е поголемиот дел во Собранието и ако веќе се договараат за некоја преформулација да не биде вака експресно како што беше минатиот петок, Собрание - Палас - Собрание - Палас, два три пати и чао. Тоа не е добро. Не е добро на таков начин да се пишуваат текстови на преамбули односно текст на преамбула. Тогаш кога ќе го сватиме ова и кога навистина ќе мораме да заборавиме и нешто што несакаме да го заборавиме, сето ова што ни се случи овие 5,6,7,8, колку сакате месеци, да седнеме да работиме, да градиме иднина во оваа држава, верувам односно сакам да верувам дека наскоро ќе имаме избори, веројатно после сето ова луѓето ќе знаат да го дадат нивниот глас и многу би сакал на чело на институциите на државата и да владее со оваа држава ако имаме власт, власт со еснаф луѓе, луѓе кои имаат одговорност и кон семејствата и кон државата и кон општеството, затоа што сите квалификации, сите оценки и од надвор и од тука одат кон тоа дека не сме, би сакал и јас да бидам, меѓутоа, не сме на ниво на задачата што ја имаме и на ниво на тоа што значи дури и функцијата пратеник.

Можам ли да завршам еден ден да кажам доста беше и тоа што е можеби слоган кој го слушаме, за да можеме понатаму да заборавиме и нешто што не можеме да заборавиме, меѓутоа, мораме и да градиме иднина, затоа што би сакал на крајот можеби криво да го интерпретирам Франсис Бекон дека сепак со предрасуди не може да се гради иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави претставник на предлагачот, кој ќе добие збор, има предност, па потоа другите.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Чувствувам потреба да дадам некои информации на општ план околу Преамбулата. Се искажаа многу мислења и чувствувања околу тоа што е направено во однос на преамбулата на релација со историските факти и на релација со сегашните состојби, факти и категории во РМ.

На релацијата со историските факти не е искривоколчено ништо во однос на извориштата на државата Република Македонија, бидејќи недвосмислено се врзува таа со Крушевската Република, значи со Илинденското востание, што е несомнено, со АСНОМ, а тоа значи со Народноослободителната војна и со референдумот од 8 септември, а тоа значи со процесот на распаѓањето на поранешна СФРЈ и со курсот што го зазема РМ, преку Декларацијата за осамостојување и тука нема никакви други факти, ниту има пренабрегнување на некои други поважни клучни факти во однос на историските изворишта на Република Македонија.

Второ, кога станува збор за категориите кои што се употребуваат, кои што претставуваат на еден начин основа за нормативниот дел или до одредена мерка за определување на карактерот на Уставот, до определена мерка бидејќи преамбулата сама не го детерминира карактерот на Уставот ниту карактерот на државата, јасно е дека од текстот на преамбулата што е пред нас дека граѓаните се основател на државата Република Македонија и дека предоминантно го определуваат нејзиниот карактер што исто така се согледува и од нормативниот дел. Во таа смисла како што е кажано на почетокот граѓаните на РМ, како и граѓаните кои припаѓаат на тие и тие, и понатаму продолжува текстот што ви е познат и кој што начелно не може да биде спорен ниту да биде така да се каже конотиран во некоја насока што не би била современа, со оглед на општиот стандард и средината во која живееме и перспективите во однос на кои е определена Република Македонија.

Меѓутоа, вие сте исто така осведочени дека ентитетите во Република Македонија силно го изразија интересот да бидат дефинирани или истакнати во самата преамбула. Прво да кажаме албанците, особено албанците преку обликот на критика на постојната преамбула во еден продолжителен период од десет години, а македонците во јавна дискусија сметајќи дека со тоа што изрично не се употребува синтагмата македонски народ дека е можно да се постави матрица на натамошни компликации поврзани со името или пак со некакви идни трансформации во кои тој ќе се најде во некоја мултиетничка држава или во процес на етнизација, федерализација на државата која се чувствува и со голем пакет на аргументација,

доколку се создаде таа, се чувствува дека би се распаднала Република Македонија.

Во таа смисла, дефинициите на ентитетите се сосема коректно употребени. Тоа е македонски народ, бидејќи станува збор за македонски народ кој постои на Балканот, а главнината му е во РМ, поврзан со државата која што низ вековната борба е создадена, преку кој тој како субјект ја има постигнато својата националност, што значи создал држава во таа насока. А другите се дефинирани како делови, како граѓани кои се делови од тие и тие народи и сигурно дека тука нема никаков спор. И досега во дискусиите, особено од г-динот Гошев, по мое чувствување тоа беше сосема коректно објаснето. Сите народи што постојат на Балканот постојат како единствени, а некако двојни и тројни, некако множински поими на исто рамниште, постои еден бугарски народ, постои еден српски народ, еден албански народ, грчки, македонски народ и слично каде што главнината на тој народ е во односните држави.

Тука се употребени по прв пат и поимите на граѓани кои припаѓаат на влашкиот народ или на ромскиот народ, кои не се усогласе ни со навикнатите дефиниции, на пример подразбирајќи дека мора да имаат држава, туку фактички се исчекорува во определени дефиниции кои се појавуваат и постојат и се афирмираат како културни поими на глобални групи кои несомнено постојат на широка територија како народ, на пример, ромскиот народ, како една глобална група која живее во европските земји, влашкиот народ, кој што живее најмалку во четири држави, во Македонија, во Грција, во Србија, во Албанија итн. И сигурно е дека не паѓа круната од тоа што се употребуваат во таа насока овие категории. Јасно е дека она што е компонента на содржината на преамбулата и она што е содржина на Уставот, вклучувајќи ги и амандманите како нивна измена,  доколку некој инсистира секој збор во преамбулата да биде некаква основа да се одрази во нормативниот дел, би можело да се каже дека овие ентитети во тој случај се употребуваат за да посведочат дека македонското општество е мултиетничко и мултикултурно општество и дека таа мултиетничност на општеството во рамките на уставот на РМ, единствено е транспонирана во областа на културните права, на јазичните права, на образовните права и на локалното право, не во сверата на организацијата на државата, на државните функции во потесна смисла на зборот во тн. круг на суверените функции и од тие причини не може да се извлече на ниеден начин дека со овие дефиниции и со нормативните решенија во Уставот дека се етнизирала државата и дека практично станала мултиетничка држава, од мултиетничко општество да се исчекори во поимот мултиетничка држава, и дека се нарушил унитарниот карактер, дека се раздробил суверенитетот, дека се создаваат колективитети кои што се носители на сето тоа. Поимите на унитарна држава или поимот унитарна држава се врзува за односот на централните органи со подрачните или локалните органи на самата таа држава, на статусот на овие вторите по однос на централните органи. Секое енциклопедиско дефинирање на тие поими многу јасно го укажува, меѓутоа, тука има потреба од проширени, политички аспекти и друго да се диспонира ова што во преамбулата е изнесено таму каде што не може да се аргументираат таквите заклучоци. Во целина земено, преамбулите во уставите на државите каде што тие постојат бидејќи има многу устави како што добро знаете каде што воопшто нема преамбули, кои почнуваат директно со член 1 и слично, тие се со многу различна природа. Тие може да бидат протоколарни, да содржат два реда, тие можат да бидат само еден исказ на верување во бога и во надеж на демократска и добра иднина на народот. Тие можат да бидат и афектација на одредени историски аспекти или процеси. Во таа насока, постојната преамбула таа таканаречена афектација или таа меморија во однос на историските процеси беше поопширна, поекстензивна. Тука на еден сублимиран начин, збиено, постои. Тоа е за оној дел за јавноста на македонците каде што смета дека се тргнало во обезличување на македонската држава, на нејзините извори, на идентитетот на македонците и сл. А за другиот дел односно дел од македонската јавност е јасно укажано дека дефинициите се апсолутно коректно употребени. Нема аргументација која што би можела да докаже дека тука живеат главнините на Балканските народи во Република Македонија. тоа е едната теза, и втората теза дека живеат исклучиво делови на некои балкански народи, вклучувајќи го и  македонскиот народ како дел чија што главнина би била надвор. Имено, јасно е дека во границите на Република Македонија живее, делува македонскиот народ и делови од другите балкански народи кои што како граѓани сите до еден се еднакви.

И на крајот да завршам со ова. Република Македонија  е на сите граѓани. Поимот демос како основа на една држава која што особено во третиот милениум, па и во претходниот век можеше да биде само поим кој што ги апсорбира сите граѓани и нивната рамноправна позиција.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во таа насока, на пример, кога се вели францускета нација, шпанската нација, грчкиот народ, на пример во преамбулите се мисли на сите граѓани. Во таа насока можеби некогаш ќе се каже македонската нација - сите граѓани. Но, патот на изодувањето е поинаков од желбите или од догмите што ги знаеме или од стандардите што ги знаеме. Догмите имаат реална димензија, а имаат исто така и теоретска или догматска или интелектуална димензија. Не се тие секогаш во исто време за секоја држава прифатливи. Мислам дека за

Република Македонија ова е една реална дефиниција.

Последното, околу дилемите како може а се менува Преамбула и како може да стои дека Собранието го донесува овој Устав, со заклучок дека кобајаги сега носиме устав и кобајаги сега се конституира Република Македонија.

Се знае кога е конституирана Република Македонија. Овој нов текст, на овој амандман IV значи замена на текстот на Преамбулата. Доколку се усвои ќе биде заменет текстот на Преамбулата. Тоа нема да значи дека Република Македонија сега некој ќе ја конституира, па на тој начин да се сомнева кој тоа сега ја конституира или слично, ниту пак ќе значи дека Собранието сега носи Устав, туку се заменува текстот на Преамбулата и ништо повеќе. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега има три реплики, Карангелески, Љутви Билал и Мевљан Таири.

Има збор господинот Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Благодарам господине претседателе. Јас точно во дискусијата поставив три прашања кои што советникот на предлагачот на предлогот на амандманите, на крај, се обиде да ги објасни. Меѓутоа, не се согласувам дека не е ништо искривоколчено во новиот текст, во однос на претходниот текст. За да тоа го образложам, ќе прочитам само еден дел од новата преамбула, споредено со постојната важечка. Значи, во предлогот на новата преамбула вели вака: "Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните што живеат во нејзините граници, кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот, бошњачкиот и другите", и понатаму реди, одлучија да ја конституираат Република Македонија. Во постојната преамбула вели: " ....и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како македонска држава на македонскиот народ, во која се обезбедува целосна ..." и тн. и тн. Значи, тоа е драстична разлика и менување на историските факти. Искрено очекував, дека претставникот, односно советникот на претседателот ќе даде одговор на овие три прашања: дали има некаде пример во светот за некоја преамбула што е променета, кога овој преседан може да се очекува дека ние за 5 или 10 години пак во некоја друга политичка констелација ќер менуваме преамбула и ќе си играме со историските факти од една страна.

А, исто така, не држи фактот дека со замената на старата преамбула со оваа, дека фактички 1991 година сме ја конституирале државата. Затоа што се знае дека овие амандмани се дадени сега, не можеме ние, тоа е чиста игра на зборови.

Затоа, уште еднаш повторувам, дека не е точно дека се искривоколчени во мојата дискусија некои елементи.

Второ, на споредбата што, нормално, почитувам стручно и научно споредување со другите устави кои имаат или немаат преамбули, меѓутоа, знаеме дека секоја држава си прави, заради своите специфики и поинакви пристапи во однос на преамбулата и по однос на нормативниот дел, како едно.

Да не е така, јас веднаш би се согласил, сите балкански држави да имаат идентични устави. Тогаш сите народи, конституенти на тие држави и малцинства што живеат во нив, ќе имаат во исти релации и права од човечки, етнички, културни и тн.

Така што, се согласувам со спроедбата од научен и стручен аспект. Меѓутоа, ние треба да имаме и свест и чувство за спецификата што ја има Република Македонија на Балканот, за да извлечеме решенија што не секогаш можат да се извлекуваат во споредба со уставите на другите земји. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љутфии Билал.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, имам дел реплика за господинот Поповски, но во друга можност, кога ќе се определам како ќе гласам за сите амандмани. Повеќе за мојот бивш сопартиец, господинот Исмет Рамадани.

Кога се одлучив да реплицирам на господинот Рамадани, ги имав и ги имам предвид сите последици од војната, почнувајќи од март годинава, па до ден денеска, сите настрадани, сите убиени, посебно децата. Затоа, на најколегијален начин сакам да реплицирам, на најблаг начин и би рекол братски начин.

Дилемите сум во можност и состојба да ги сфатам. Но, лидерите се собираат со повик, според досегашната пракса, на повик на господинот Солана, Леотар, Пердју, а не од нас овде, бидејќи ние секој ден може да се сретнеме со тие лидери. Зачудува фактот зошто, зошто пропуштивте намерно или ненамерно, зошто не го повикавте вашиот лидер Имер Имери? Ми се чини од денот кога тој даде збор на господинот Солана и се согласил со тој дел на преамбула, тој веќе не се појави во јавноста.

Лично, кога би бил убеден дека со оваа преамбула, со овој текст на преамбулата, односно овој текст на преамбулата е на штета на албанскиот народ и доколку би немал сила, доколку не би можел таа работа да ја терам понатаму, тогаш никогаш, по никоја цена не би прифатил веќе да бидам во овие клупи на Собранието, а најмалку мојат партија да учествува и во Владата.

Тогаш, да бидеме искрени и чесни. Имајќи ги предвид сите кои немаат покрив над глава, а некои организации им давале некои ќебиња, па така да ја дочекаат зимата, имајќи ги предвид сите тие мајки без синови, имајќи ги предвид сите тие татковци и мајки кои закопале деца до 11 години, тогаш можеме ние да најдеме сили и сите, а дотолку повеќе и со господинот Џафери и Имери, пред да дојдеме овде, оти и Џафери и Имери и Рамадани и јас зборуваме албански, а господинот Џафери порано од мене и од вас зборува албански, бидејќи е постар од нас. Затоа, јас мислам дека, со загриженост кажувам, неубеден до крај, дека, доколку би бил апсолутно убеден дека е чисто политички маркетинг, тогаш со друг речник и на друг начин би ви се обратил. Но, не сум до тој степен убеден. Затоа би ве замолил, овие работи малку потрезвено и има начин како да се решаваат.

Сега, засега толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претставнику на претседателот.

Иако навлегувањето во било која расправа за содржината на Преамбулата неминовно ќе не води до малку мистика, малку историја, спиритуалност и се разбира обид да се внесе реалното во тоа што ќе го напишеме. Морам да ви кажам дека од моја гледна точка не сте успеале во многу елементи, а најмногу во тоа отсликување на реалните состојби во Република Македонија и нереалноста која владее во Република Македонија, со последниот предлог на овој амандман.

Имено, ако веќе, еве јас сум спремен да ја прифатам таа фрустрација која што е присутна кај макодонскиот народ, по однос на некои проблеми кои што, по се изгледа дека ги чувствувате по однос на негирањата од повеќе соседи, сепак мислам дека не сте воделе сметка за чувствата на припадниците на албанскиот народ во Ропублика Македонија и за реалноста во создавањето на оваа држава. Впрочом, ако се чита со внимание најновата верзија на Преамбулата, јас тоа го подразбирам вака, ако не е така би сакал да слушнам поинакво мислење од вас.

Најголема одговорност и најголема улога во создавањето на оваа држава имал македонскиот народ. Но, истворомено и вие не сте можеле да избогнете од фактот дека и албанците, па и другите учествувале во создавањето на оваа држава, па ги броите како дел од другите народи што живеат во соседствата и на некој начин според вас се задоволува и се наоѓа реално решение за реалните проблеми кои што постојат. Но, според мене, главниот проблем се состои во зборот кој што се вметнува помеѓу македонскиот народ, припадниците на македонскиот народ и другите, со синтагмата "како и". Со таа динстикција, спроед мое мислење, се прави еден обид да се створат граѓани од прв ред и од втор ред. Може според вас не е така, но тоа е чувството кое што се предизвикува сега кај нас, дока на некој начин сакате да се издвоите од другите граѓани како македонски народ од припадниците на другите националности.

Такво нешто, такво чувство, мора да признаете дека постои кај нас. Сега таква фрустрација се јавува кај Албанците во Република Македонија и тој факт ќе мора да го земете во предвид и да барате соодветно решение за тоа. Сега, навлегувајќи во тоа што треба самата Преамбула да ја отсликува, на некој начин и самата нормативa на Уставот, мислам дека и тука не сте биле доследни до крај.

Имено, ако веќе се признава фактот дека Македонците ги имаат сите универзални права, тоа во нормативниот дел веќе точно така и се гради, дека државата е унитарна, влијанието се распространува врз целата нејзина територија преку подрачните единици и другите начини на владеење. Мислам дека понатака одреден дел од правата се трансферираат на заедници кои што бројат 20% и на другите кои што на локално ниво бројат 20% и повеќе. Со овој факт дефакто вие промовирате три категории на граѓани. Една која ги ужива апсолутно сите права во било кој дел на државата да живеат, а тоа се македонците.

Втората категорија на граѓани е тие што се над 20% и тие имаат уживаат одреден корпус на права кои што се помалку од тие што ги ужива мнозинскиот народ, но во секој случај се многу поголеми од тие што ги уживаат тие што се 20% само на локално ниво. Јас мислам дека на овој начин вие сте требале да барате решение и во Преамбулата.

Имено, да воспоставите три нивоа на одговорност за иднината на државата на разните заедници: македонскиот народ, заедниците кои што се над 20%, а тоа неминовно води кон заклучокот дека тоа се припадниците на албанскиот народ и припадниците на другите народи или националности како што милуваат самите да се нарекуваат во Република Македонија.

Во оваа насока, јас упатувам вие да размислите заедно со претседателот и со четворицата лидери да најдете соодветна формулација. Јас, како предизвик до вас и до сите пратеници, амандманот е веќе поднесен од мене, предлагам делот кој што започнува со "граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните што живеат во нејзините граници и тн.", да се замени со: "граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, припадниците на албанскиот народ во

Република Македонија и припадниците на турската, влашката, српската, ромската, бошњачката и другите националности и тн.". Ова мислам дека на најдобар начин ќе ја отсликува самата реалност и на некој начин ќе навлезе во самата норматива на Уставот и ќе биде во духот на тоа што е содржано во самиот Устав. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Климовски има реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се пријавив регуларно за дискусија, меѓутоа, објаснувањата на советникот на претседателот на Републиката, колегата Владо Поповски ме поттикнаа да изразам одредена резерва во однос на неговата аргументација и во тој дух јас би сакал да укажам на следново, зошто јас на приме не можам да прифатам едно вакво хибридно решение, кое има далекусежни последици, не само во однос на македонскиот народ, не само во однос на нашиот Устав, туку и воопшто има далекусежни последици и од аспект на меѓународното право и меѓународните односи, а тоа е следното.

Мислам дека не е вистина дека со самиот факт што се спомна македонскиот народ, односно се врати, претседателот имал слух за широкиот наплив на прстести, револт и укажувања дека македонскиот народ треба да постои во Преамбулата. Но, видете сега што се прави. Се напушта историскиот факт дека Република Македонија е конституирана како национална држава на македонскиор народ, што го има секаде и што тој го кажа. Но притоа, за да се релативизира токму македонскиот народ како елемент кој што ја создал националната држава на Република Македонија, се промовираат, замислете, се промовираат делови на други народи, па дури и на народи кои што немаат свои држави. Овде ни се претставуваат како културни ентитети, се промовираат во посебни народи, кои што, ако тргнеме од оној принцип по кој што ние го спроведовме референдумот на 8 септември 1991 година, а тоа е правото на народот, на самоопределување до отцепување, знаете ли каква ситуација може да ни се случи. Тие се народ, тие имаат право да си покренат референдум и сега, ако им текне, да речеме на Власите во Крушево да ја обноват Крушевската република како посебна држава, ќе си спроведат референдум, ќе се изјаснат по тоа меѓународно признато право дека се народ и ќе си имаат своја држава, иако никогаш и ја немале. Или, не дај Боже сега некој ромски крал се прогласи во Шуто Оризари и Тоопана, бидејќи се народ, ќе си спроведат референдум, ќе се конституираат и на оваа територија наша ќе биде за што, за раздавање ли? А, ние знаеме на гробишта што се раздава и во какви ситуации се раздава. Ќе ве молам, не е тоа така наивно и н е е тоа така како што овде се претставува. Затоа, јас мислам дека, практично е релативизирана улогата на македонскиот народ.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Од друга страна пак, не се има слух, како и во 1991 година, за историската меморија што ја притиска свеста на албанците. Јас сакам тука да ги потсетам, бидејќи секогаш сакав позитивно да приоѓам на нивниот проблем. Всушност за што се работи? Со многу албанци сум разговарал, знаете ли што велат, по чајџилници, по кафулиња, по џамии, дома и тн., предавници се едните кои го потпишаа, храбри се другите кои не го потпишаа договорот. И тие си имаат проблеми. Зошто произлегуваат тие проблеми? Тие проблеми произлегуваат од фактот што албанците со дисолуцијата на поранешна Југославија, таму беа трет народ по големина односно население кое претставуваше. Си имаа универзитет, дефакто си имаа своја држава, дејуре не. Си имаа двојазичност, си имаа се и одеднаш сега го поставуваат прашањето чекајте, значи вие сите си формирате држави, нас не расцепкавте во пет држави и ние го немаме тоа што таму го имавме и затоа тие сметат дека имаат помалку права отколку ги имаа. Јас така гледам на работите, тие така кажуваат. Тоа е она што тие сега го бараат, а ние 1991 година го немавме во предвид. Ако во 1991 година имавме повеќе слух за овие прашања, тогаш мислам дека немаше да дојде до оваа ситуација денеска. Тоа е едно. Овде не се работи за историја, овде се работи за повторување на грешките. Таа грешка ние и натаму ќе ја влечеме иако ова го изгласаме, ќе имаме мнозинство, ќе го направиме тоа односно ќе го направите тоа еве јас не го правам, пак ќе остане истото. Овде треба малку повеќе да се задржиме на ова прашање затоа што тоа ја притиска меморијата на генерациите и натаму ќе ја притиска на албанците а можеме да помогнеме само ние македонците во тоа. Мора така на овој проблем да му се пријде, а не сега да се релативизираат сите тие, па да се измислува некој влашки народ. Власите се изненадени велат ние никогаш не сме биле народ. Замислете сега станаа народ. Ромите од кај се народ, а народ ги направивме. Во нашиот Устав единствено и од таму имаме меѓународни проблеми. Сега балканските држави ќе речат, ќе ги повампириме националностите таму во тие држави и ќе речат дајте и во нашиот Устав, македонците го имаат, европските заедници, Пердју, Мердју и другите им го признале тоа и таму ќе создадеме нервози. Знаете што се прави со ова, не е така едноставно. Не може со една таква неподнослива леснотија со која предлагачот ни ги нуди овие работи да се расправаме, да сметаме дека сме толку наивни па не можеме ова да го видиме.

Конечно, понатаму ќе се задржам и ќе учествувам во расправата, сакам да укажам на една работа која колегата Поповски можеби не му е потесна специјалност, а тоа е до кога ние ќе се конституираме како држава односно преамбулата вели дека од денеска ние

Македонија сме држава. Зошто постојат преодни и завршни одредби, зошто постои уставен закон за спроведување на Уставот. Таму ќе се каже дека тоа е таа нова држава која ја заменува преамбулата, затоа се тие преодни и завршни одредби не заради тоа што мораме да ги ставаме овде, но велам тоа е техничко прашање кое може да се реши. Затоа премногу не замерам во знаењето така да може да се праша. Имало луѓе кои веројатно повеќе знаат и можеби е мудроста на секој претседател да ги праша тие кои знаат или да знае кои знаат некои работи. Во конкретниот случај мислам дека на овој проблем вака треба да му се пријде и да не ги шашардисуваме некои си минорни малцинства овде со терминологија народ, па да не знаат што да прават со себе заради тоа што сакаме македонскиот народ да го изедначиме со другите или албанскиот и тн, и тука се поставува прашањето.

На ова прашање, ве молам, мораме многу сериозно да му пријдеме, ќе има големи импликации, не е само прашање на преамбула, тоа е многу пошироко прашање иако знам многу добро дека преамбулата нема да се применува, какви видови на преамбули имаме, тоа ми е познато и многу добро е апсолвирано во она што го кажаа на говорницата, но ние овде имаме една специфична ситуација каде преамбулата нема декларативен карактер, преамбулата има длабоко политички карактер. Само толку сакав да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има две реплики, но прво мора да му дадеме збор на господинот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само 6и укажал на два аспекти. Не е извртена вистината со историскиот факт на создавањето на Република Македонија во АСНОМ 1944 година и не е направена нова дефиниција по тоа прашање во однос на постојната преамбула. Напросто во новата преамбула не се зборува за тој процес на таков начин што значи би било спротивна дефиниција ако се каже дека не е историски факт дека македонците ја создадоа Македонија како национална држава.

Бидејќи тоа не се кажува, туку се подразбира дека македонскиот народ ја создаде Република Македонија како своја национална држава во која тој постигна национален идентитет, меѓутоа, и тогаш кога ја создаде во тој историски момент ја создаде со целосна рамноправност на сите граѓани.

Се разбира дека во новата преамбула изворииштата на државата се идентификуваат на коректен и истоветен начин и се поставува една содржина во која се потенцира така да се каже концептот на граѓанска и демократска држава кој беше исто така целосно опфатен во постојната преамбула во делот 2, бидејќи постојната преамбула од Уставот на Република Македонија има два дела во некои печатени брошури на Уставот или книги е јасно издвоен со голем прород, а со цел и првиот дел се однесува на историските факти кои би можеле да ги вратиме со одлуките на АСНОМ и Македонската држава 1944 година, а во вториот дел од постојната преамбула во првиот пасус првата алинеја стои, а со цел, значи сега од 1991 година Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава. Тоа е дефиницијата на Република Македонија како самостојна и суверена во постојната преамбула. Тоа е по тој аспект.

По вториот аспект дека преамбулите начелно немаат конститутивен или облигаторен ефект, на нашиот Устав има поради некаква специфична позиција, мислам дека е во делот што би се рекло според реториката на г. Мевљан Таири во делот на спиритуализмот поради следното: кога станува збор за некакво меѓународно право на самоопределување и отцепување поврзано со поимот народ, тогаш станува збор за поимот народ како демос, а не поим народ како етнос. Тоа значи дека сите граѓани на Република Македонија на референдум, доколку се оди на промени низ системот и по правилата на игра ќе се произнесат и сите како поединци имаат еднаков глас за судбината на Република Македонија. Имплицирано е ова значење точно на поимот народ во смисла самоопределување или решавање на судбината на државата и во делот на меѓународните односи членот 120 каде се укажува дека влезот и излезот на Република Македонија од други сојузи, што значи од други државни комбинации се донесува во една сложена процедура кога Собранието на крај со двотретинско мнозинство ќе ја донесе одлуката, но таа се смета за важечка ако на референдумот биде потврдена, а таму не гласаат само македонците, туку сите граѓани на Република Македонија, што значи правото на самоопределување до опцепување на народот како демос, како граѓанско тело и во таа насока оваа преамбула не носи никакви дубиози или опасности дека ќе се отцепи една Крушевска република или на пример некој дел на база на тоа што е дефиниран дел од народ или слично, туку тоа отцепување ако оди по правилата на институциите го подразбира општиот референдум. Она што оди надвор од правилата на институциите, тоа не го решава преамбулата како и да ја дефинирате.

Кај г. Мевљан Таири околу логицизирањето дека се формира скалирање на три нивоа не стои работата, бидејќи унитарниот карактер на државата го подразбира граѓанскиот карактер на таа држава и граѓанската еднаквост сите како граѓани учествуваат во сите институции и во подрачните и во централните, станува збор само за односи и позиции на реална рамноправност во смисла на реални еднакви шанси. Во таа насока мислам дека и овие измени се еден чекор кон поставување на рамка за зголемување на реалните еднаквости

во оној дел каде се укажува на потреба од соодветна правична застапеност во целокупната јавна област на пример во таа насока и во низа други области.

Битно е дали овие решенија ги унапредуваат граѓанските права и го унапредуваат мултиетничкиот израз на општеството во таа смисла и дали се тие некаков стандард, дали ги познаваат другите европски устави и земји, мојот одговор е да, ако треба посебна аргументација и писмено сум подготвен да ви кажам во кои земји кои решенија постојат и тука некаде ќе исцрпиме 90% од решенијата во амандманите кои постојат во други устави. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ**:

Нека се свика Уставна комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, почитувани сите присутни во салата.

Дали првенствено знаете дека Република Македонија кога се создаваше и кога требаше Македонија да стане држава со одвојување од Југославија дека првиот референдум во Република Македонија е одржан во Шуто Оризари кога Киро Глигоров и првенствено ромите гласаа за референдумот 98,7% за да биде Македонија посебна држава. Најмногу ромите гласале во тоа време. Треба да знаете дека ромите потекнуваат од Индија, признати во времето на Југославија, беа со еден свој сертификат и по одвојувањето на Република Македонија од Југославија со референдумот останаа и ромите како и албанците оти ромите се многу повеќе во Југославија, беа втора националност во Југославија. Нема каде ги немаше во Југославија. Секаде ги имаше. Ниш 88% се роми, Крушевац да не спомнувам, Београд, цела Југославија. Смејте се но јас ви ја кажувам вистината. Да знаете дека во цела Југославија 40% се роми. Брате, куме, роме, секаде се викаше, где си буразере, куме. Тоа немојте да го заборавите, се одвоивме од Југославија, дојде таква ситуација, овде сме можеби помалку, но некаде сме повеќе, ние сме голем народ, знаете колкава е Индија, расеани сме во цел свет.

Господа пратеници, а ова е и за јавноста, секаде сме растурени во светот и кога би се собрале јас мислам дека би направиле најголема држава на светот. Тоа треба да го сватите дека сме ние голем народ и најлојални граѓани на секоја држава каде живееме. Со тоа не бараме преку симит погача, но како што следува на сите така и ние си го бараме нашето право. Како ќе биде за сите така нека биде и за нас. Не ни требаат ни цареви, ни кралеви, од нас нема да имате проблеми, не сте имале кочници и блокади од ромите, само имавте една блокада во Училишниот центар во Идризово со американците, јас бев тој блокатор, да се знае, тоа е што ни следува по Рамковниот договор, нормално го бараме правото, а и овде ќе го бараме доколку нешто се случи. Јас цело време го напаѓав и претседателот и се затоа што сакавте од преамбулата да не ставите, до сега бевме признати како националност, а од сега како за сите така и за нас, сега сме предложени како народ и ако за сите биде како народ и за нас да биде како народ. Ние ако сме пречка, не само ромите или ќе правиме граѓански концепт граѓани на Република Македонија или рамноправно за сите или народ или националност, но за сите и би се согласил на тој начин, а за некого така, за некого онака, не доаѓа во предвид. Претседателот виде како треба, еве јас му се извинувам на претседателот на државата што едно време овде од говорницата укажував на неправилностите, но сега се извинувам и се заблагодарувам што не признавате како народ и нас ромите заедно со сите граѓани во Република Македонија и мислам како ќе биде за сите така и за нас.

Уставната комисија помина и нормално тоа е тоа, се заблагодарувам и господинот Саво Климовски не кажа со зла намера, но нешто сакаше да каже, мислам дека нема потреба, да не правиме ништо, ние сме граѓани кои живееме во Република Македонија, па да не ставаме во манџата ал пипер, знаете дека ромите потекнуваат од Индија, па да не спомнуваме црн бибер затоа што сме ние од таму од кај црниот бибер, гледате дека на кесичката од бибер има човек од Индија, па да не не спомнувате нас, да не бидеме ние центар за изигрување во Парламентот, како за сите така и за нас, само да биде мир во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сето ова покажува уште еднаш дека навистина без посебна расправа, теориска подготовка и согледувањето на сите аспекти се преобразува со нудење на вакво решение. Од таму јас мислам дека навистина требаше да остане старата преамбула, а дека треба да го обновам оној предлог што го дадов уште при дискусијата да се пристапи кон промена на Уставот, а тоа е господине претседателе како претседател на Уставната комисија да донесеме заклучок, па ако треба и два мандати да се потрошат, но да си донесеме Устав кој што ќе биде навистина плод на една потемелна, посмирена расправа, а не да се истрчуваме со вакви термини. Она што се однесува до ромите повеќе го кажав како еден вид на укажување што сака да се релавитизира со конститутивниот народ на оваа држава, на македонската нација, односно на македонскиот народ и во тој контекс јас мислам дека требаше да остане меѓународно прифатената терминологија национални

малцинства. Тоа секаде го има во светот, само ние сме изгледа некој експеримент кој што употребуваме такви флоскули што јас како професор по уставно право не сум ги сретнал во овој вид во ниту еден устав во светот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова беше реплика на господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе јас не сакам многу да реплицирам, само сакам едно сознание да дадам овде во Собранието дека толку сме моќни, а цело време молчам и не кажав. Сега целата јавност и целиот свет нека знае ние имаме главен човек кој овде во Македонија цело време чекаат и рамковен договор и други работи. Дали знаете дека Солана е Ром и мора да мисли за својот народ и тоа ја заврши својата работа. Ромите мора да бидат како што треба. Ова на јавноста и го кажувам, Солана е од Шпанија, тој е Ром, мора да мисли. Кога бевме на потпишување знаете сите, нормално призна, му ја дадов визит картата и треба да ви биде јасно дека главниот човек, креаторот е Ром.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека сепак ќе му дадеме на господинот Солана сам да се изјасни што е.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Единствено сакам да кажам дека во излагањето на господинот Амди Бајрам има една голема вистина. Тоа што го зборуваше, тоа е точно, освен овој дел за Солана. Тоа нека го расчисти со господинот Солана, нека разговара со господинот Солана. Меѓутоа има една голема вистина и тоа е точно. Скоро во сите светски енциклопедии ромите се окарактеризирани како народ, меѓутоа како номадски народ кој што нема своја држава. И тоа е апсолутно точно и тука нема никакви спорни работи. Така што би рекол еден вид на корекција која би можела да дојде од нашата партија од Демократска алтернатива. И затоа ние во нашиот предлог што го даваме е амандманот што го поднесовме е да си остане старата преамбула. Значи да се брише тој амандман, со тоа што може да се додаде посебен друг еден амандман со кој што би предложиле понатаму одредени малцинства кои што не беа спомнати во старата преамбула, значи во преамбулата од Уставот да се додадат. Значи се именуваат додатно уште некои малцинства како што се србите, бошњаците и еѓипјаните. Значи тоа би бил нашиот предлог. Сега бидејќи ова е реплика, јас се јавив за дискусија и понатаму поопширно ќе зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи нема реплики. - Има збор господинот Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, времето и енергијата која што ја потрошивме во оваа расправа од самиот почеток на процедурата за измена на Уставот на Република Македонија околу преамбулата само по себе зборува дека навистина се работи за една многу суптилна материја за која што треба многу стручно знаење, за која што треба многу историски факти и податоци, за која што треба многу добра волја за да биде правилно дефинирана. Меѓутоа, онака како што започнаа самите измени на Уставот на Република Македонија и останатите измени во законската регулатива во државата под присила, под закана на тероризам и внатрешен, а слободно можам да речам и надворешен тероризам, мислам дека го намалуваат легитимитетот или воопшто ги делегитимираат ваквите измени на Уставот на Република Македонија, затоа што секоја одлука која што е донесена под закана и сила, по сите стандарди е невалидна. И токму размислувањата во Собранието и атаците врз пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека се тие кои што не го почитуваат ставот, односно потписот на нивниот претседател, сметам дека не држат место затоа што и потписот на претседателот и оваа наша дебата која што трае повеќе од два месеци сигурно не е апсолутно легална и веројатно во периодот кој што следува луѓето кои што ќе дојдат после нас ќе се запрашаат за тоа колку има легитимитет оваа наша расправа и овие измени кои што ги донесуваме во вакви услови. Предложената преамбула како што беше во првиот момент сигурно за сите нас беше неприфатлива, меѓутоа дел од нас јавно го кажаа своето мислење дека таквата преамбула за нас како пратеници и како претставници на мнозинскиот народ, на македонскиот народ е неприфатлива и благодарение на таквото залагање се создаде еден друг амбиент како во самото Собрание, така и во државата со што после една опсежна јавна расправа голем број на граѓани и здруженија јасно ставија до знаење дека таков текст на преамбула е неприфатлив и токму од тие причини денес имаме нов предлог на преамбулата со кој што најверојатно не сме среќни сите, меѓутоа за разлика од претходниот текст, е далеку поприфатлив. Во дискусиите околу преамбулата најголем број од пратениците од албанската националност не се задоволни од третманот, односно од нивната позиција во оваа преамбула како дел од народ, а фактите зборуваат дека тие се навистина дел од албанскиот народ, се дел од народ кој што има сопствена национална држава во наше соседство и во никој случај не би можеле да бидат народ рамноправен со исти права во Република Македонија, затоа што Република Македонија има мнозински народ кој што во минатото, во историјата со една вековна борба се избори за сопствена држава и за која што и ден денес грчевито се бори за да ја зачува. Сметам дека изјавите од одредени пратеници се чисто сеење на национализам, се во одредени настапи дури и фашизоидни кога со понижување се гледа на останатите народности и националности во Република Македонија, кога се зборува дека ние

албанците не сме тие што треба да бидат ставени на исто рамниште со турците, ромите, србите и останатите. Меѓутоа, кога се изнесуваат аргументи од бројки се зборува дека албанците се над 20% и тие заради нивната бројност треба да имаат еднаков третман со македонскиот народ, односно и албанскиот народ да биде конститттивен, односно да го дели конститутивното градење на Република Македонија. Ако 20% се 1/3 од македонците, а останатите националности се 10% што е од прилика половина од албанците. Е сега половина е повеќе од третина и албанците не сакаат да бидат во делот во кој што припаѓаат, односно се помалку. Меѓутоа, овие игри на бројки не би требало да бидат моторот со кој што ќе се движи Република Македонија кон амбисот, кон пропаста. Најдобро решение за Република Македонија е граѓанскиот концепт. Тој граѓански концепт беше составен дел и на досегашниот Устав, иако за жал од страна на албанскиот политички блок токму Уставот се става како промотор на кризата во Република Македонија и причината за војната која што сеуште трае на територијата на Република Македонија. Се инсистира по секоја цена посебно од ПДП да се држиме до Рамковниот договор кој што е постигнат во Охрид и потпишан во Скопје без никакви измени, без никакви промени на ниту една буква, ниту една запирка од тој договор, бидејќи бил потпишан од лидерите на најголемите политички партии во Република Македонија и меѓународните посредници. Меѓутоа, сега имаме ист еден таков договор кој што е договор, не го донесоа македонските политички партии овој нов предлог на преамбулата и измената на членот во кој што се регулира позицијата на верските заедници, туку и оваа преамбула е резултат на договор меѓу истите тие политички лидери дури и со посредник со поголема политичка тежина во Европа, тоа е господинот Хавиер Солана. Во Охрид беше потпишан договор помеѓу лидерите и пратеници од господинот Солана, односно од ЕУ и САД, а во овој договор учествуваше директно господинот Хавиер Солана, што значи дека тежината на овие две прамбули, таа од Охрид и оваа е многу поразлична и поготово што измената на текстот на оваа преамбула е резултат пред се на аргументи. Ние пратениците од ВМРО-ДПМНЕ имавме во повеќе наврати средби со меѓународни претставници, посебно со господинот Леотар каде што ги изнесувавме аргументите и ја браневме нашата позиција со која што баравме македонскиот народ да остане во преамбулата и во уставната регулатива, изнесувајќи ги сите аргументи кои што сметавме дека ќе држат. И како што средбите со господинот Леотар одминуваа, така ние добивавме впечаток дека нашите аргументи се се повалидни, се повеќе имаат влијание врз него и токму при една од последните средби господинот Леотар сам се изјасни дека нашите заложби за задржување на македонскиот народ во преамбулата се оправдани и апсолутно издржани и веројатно како последица на тоа и денес имаме многу поинаква преамбула од таа што беше предложена, иако велам дека и овој текст на преамбулата не е таков да ја одсликува комплетната историска вистина и фактичка денешна состојба во Република Македонија. Мислам дека албанските пратеници посебно од ПДП прават голема грешка што со своите настапи од оваа говорница се обидуваат врз албанскиот електорат да остават впечаток на големи борци за албанските права притоа изнесувајќи најразлични барања кои што и самите знаат дека се нереални и неосновани, или пак изнесувајќи одредени историски фалсификати, се обидуваат, со тоа само ги подгреваат страстите кај одредени понационално обоени албанци и таков зголемен наплив на енергија и национален набој сигурно резултира со спремност да се посегне и по оружје. Еден таков тип на изнесување на историски невистини е и честото злоупотребување на Крушевскиот Манифест. Господа, во Крушевскиот Манифест македонските востаници ги повикуваат останатите жители во тогашна Македонија да им се придружат, што значи дека тие не биле со нив. Тоа е факт и вистина. И уште еден факт дека после тој повик ниту албанците, ниту останатите не им се придружиле, туку останале македонците сами да крвават во една нерамноправна војна и да ја изгубат таа битка и тоа востание да биде задушено. Тоа е вистината. И со такви невистини ако се присвојува македонската историја, исто така од времето на НОБ, се знае со кого војувале македонците. И барем оние историски настани кои што се случувале во скоро време каде што сеуште се живи сведоците и дирекните учесници во тие настани, барем нив не можете да ги фалсификувате. За останатите веројатно каде што не може да се изнесат против аргументи дали илирите биле македонци, или македонците биле илири, или илирите се староседелци, другите не биле, околу тоа може да се полемизира макар и за тоа не може до бескрај. Меѓутоа, за овие работи што навистина се сеуште живи сведоците, или се случиле во многу скорешно минато, немојте да ги злоупотребувате и покрај тоа врз нив да барате одредени права и да барате континуитет на ваше учество во градењето и во борбата на оваа држава. Тоа се апсолутни невистини и невистините не можат до бескрај да се извртуваат, еден ден ќе мора да ви се кажат во очи. Многу иритира констатацијата, односно изнесувањето од оваа говорница дека Уставот кој што е донесен во 1991 година досега беше промотор на кризата во Република Македонија и дека војната е последица на тој Устав, што апсолутно не држи, бидејќи албанците и со постоечкиот Устав и со овој Устав имаа неограничени права како малцинство, беа рамноправни со македонскиот народ, дури во одредени ситуации тие права ги имаа и повеќе од самите македонци, затоа шго имаат и уште една матична држава која што матична држава ги потпомага во нивното образование, ги потпомага во спремање на учебници, а и албанската

академија им е при рака, а додека македонскиот народ единствено може да се потпре на овие институции кои што самиот ги создал.

Сега би сакал да ве потсетам дека сите не мислат дека Уставот на Република Македонија беше тој кој што во Македонија предизвика Македонија. По мое мислење има неколку фактори кои што влијаеа на појавата на оваа војна. Прво и основно е што албанската нарко мафија излезе од контрола, прво се стави во функција на албанските националисти и УЧК. Тоа е една работа која што ја донесе оваа војна. Втора работа што исто така не е беззначајна за да во Македонија се започне една војна за поделба на Македонија, борба за територии, а не борба за човечки права.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:** (продолжение)

Тоа е погрешната проценка на албанските националисти, бидејќи сметаат дека сега е моментот кога Македонија може да се распарчи и да се одземе дел од територијата на оваа Држава и заедно со Косово да стане дел од Голема Албанија.

Исто така дел од албанските политичари беа премногу убедени дека Запад, Европската Унија и Соединетите Американски Држави до бесконечност ќе стојат зад нив и ќе ги помагаат во нивните политички и други цели. Многу надеж се полагаше и во платеници-дипломати. Тоа е факт.

Голем дел од дипломатите, посебно тие од втор-трет ранг, посматрачи како од Европска Унија и останати емисари беа потплатени од албанската мафија.

Инаку клучен момент во настанувањето на војната во Македонија, тоа е Косовската криза и губењето на таа територија од страна на СР Југославија односно губењето на контролата врз границата која Југославија ја одвојуваше од Македонија, во делот кон Косово.

Секако во тие пресметки, промоторите на војната сметаа дека и Македонскиот народ, покрај тоа што е малуброен народ нема ни внатрешно единство околу одбраната на сопствената држава и национална кауза и дека е неспособен да му се спротивстави на еден наплив од албански тероризам и инвазија од околните територии кои припаѓаат на Косово или на Република Албанија. Меѓутоа сите овие ситуации не беа до бескрај, или во целост, така како што се претпоставуваше.

Сметам дека оваа преамбула, да се вратам на текстот од преамбулата, јасно дефинира постоење на Македонски народ, јасно дефинира односно со дефиниција кажува дека во Република Македонија живеат и граѓани кои се дел од други народи, односно со еден збор речено малцинства. Тоа кореспондира со политичката состојба во државата. Заради овие причини, иако со многу слабости, сметам дека оваа преамбула може да се прифати како составен дел на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа пратеници јас мислам ние денес односно во овој момент да ја прекинеме седницата. Ќе продолжиме утре со репликите, бидејќи еве сега се јавувате за реплики, а имаме и уште пријавени дискутанти. Значи ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

Еве сега ми се укажува да не закажувам седница за утре.

Господа пратеници за продолжението на денешната седница ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот).